Државно средно училиште
Регионален центар за стручно образование и обука
„КОЛЕ НЕХТЕНИН“ ШТИП

# ДСУ-РЦСОО,,КОЛЕ НЕХТЕНИН”

## *САМОЕВАЛУАЦИЈА*

## 2023 - 2025

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ НА УЧИЛИШТЕТО

## Име на училиштето

Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука "Коле Нехтенин" – Штип

## Адреса на училиштето

ул. "Гоце Делчев" бр.101 - Штип

## Директор

Јованка Шалева

## Претседател на Училишен одбор

Александра Романова-Тасевски

| Носители на активностите | |
|---|---|
| Подрачје 1: Наставни планови и програми | Лидија Кишишева<br>Весна Ивкова<br>Мирјана Фичорска |
| Подрачје 2: Постигања на учениците | Славица Глигорова<br>Сузана Лазарова Ефтимова<br>Ивана Стојанова |
| Подрачје 3: Учење и настава | Јулијана Ташкова<br>Сара Стоилова<br>Стефан Михајлов |
| Подрачје 4: Поддршка на учениците | Деспина Ристова Делипетрева<br>Горан Антониевски<br>Верица Милорадова |
| Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето | Данче Тошева<br>Митко Коцев<br>Далибор Саздов |
| Подрачје 6: Ресурси | Венцислав Панев<br>Лиљана Манова<br>Мартина Пешевска |
| Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика | Александра Р.Тасевски<br>Драгана Љуботенска<br>Томе Коловски |

# *М И С И Ј А*

***,,Градење на личности свесни за своите права и должности, стекнување со знаења и вештини како и стручни квалификации со кои ќе бидат конкурентна работна сила на пазарот на трудот, односно знаења кои ќе претставуваат солидна основа за понатамошно продолжување на образованието".***

***Целта на нашата мисија е содржана во синтагмата***

***Со ученикот-за ученикот***

Училиштето се стреми да создаде здрава училишна средина во која учениците пристојно ќе се чувствуваат, со можност секое дете да научи и да се стекне со знаење, индивидуално да се развива и да стекнува доверба во себе, во наставниците и другите вработени во училиштето, учениците да бидат постојано активни, а со тоа да стекнат и трајни знаења кои ќе им послужат понатаму во секојдневниот живот.

Во фокусот на вниманието на училиштето пред сѐ ќе бидат: учениците, пренесувањето на квалитетно знаење, развивање, креативност, вештина, знаење и умеење.

- Ученикот во центарот на сите заложби;
- Ученикот - централен субјект во наставниот процес;
- Поголема меѓусебна доверба и почит меѓу учениците, наставниците и родителите;
- Зајакнати морални вредности во училиштето;
- Соработка со локалната самоуправа;
- Развивање на способности и вештини кај учениците од стручното образование;
- Согледувања на кариерните можности во струката;
- Поддршка и инволвирање на родителите во воспитно-образовната работа;

- Учествување во проекти и на општински, регионални и државни натпревари.

# *В И З И Ј А*

***Создавање и развивање на безбедна и здрава средина во која учениците од различни етнички заедници со задоволство ќе доаѓаат и стекнуваат нови знаења и вештини во насока на афирмација на личноста и училиштето.***

***Знаењето е отворен пат кон иднината!***

Визијата на нашето училиште е тоа да биде безбедна и здрава средина за сите ученици, препознатливо и атрактивно за школување, константно да се развива и евалуира.

Воспитно-образовниот процес да се одвива квалитетно, со современи форми и методи на работа прилагодени на потребите и интересите на учениците, наставниците, на локалната средина и воопшто на државата.

Учениците со задоволство да се образуваат во нашето училиште и по завршувањето успешно да одговорат на современите предизвици. Според училишната визија и тенденциите кон кои се стреми ДСУ РЦСОО "Коле Нехтенин" за создавање демократски односи меѓу вработените, учениците и нивните родители се наметнува приоритетот на барањето на патишта и начини за развивање и негување на тие односи. Основен приоритет ќе и се даде на наставата, на нејзиното усовршување и развивање, се со цел учениците да се оспособат за нови знаења. За постигнување на училишната визија ќе се негува и партнерски однос со семејството на ученикот, како и меѓусебното почитување и примената на принципот за взаемното почитување и толеранцијата.

ДСУ РЦСОО "Коле Нехтенин"

# ВОВЕД

## Основни податоци за училиштето

ДСУ РЦСОО "Коле Нехтенин"- Штип го носи името на народниот херој Коле Нехтенин и е лоцирано во индустрискиот дел на градот во кој се наоѓаат сите позначајни претпријатија и капацитети од електротехничката и машинската и туристичко-угостителската струка.

Училиштето во текот на своето повеќегодишно постоење постепено го гради својот регионален карактер запишувајќи голем број на ученици од соседните општини кои гравитираат кон нашата општина, но и пошироко.

Училиштето е сместено во една зграда со вкупна површина од 8.500 м2 во која 24  училници за изведување теоретска настава, како и 15 кабинети и работилници и тоа:  кабинет по автоматика, кабинет по информатика, кабинет по електрични мерења, кабинет инсталации, физика и математика, техничко цртање и AUTO CAD, електроника, кабинет возила и кабинет CNC,  кабинет по готварство и кабинет по послужување и работилници за: рачна изработка, заварување и режење.

Надворешниот и внатрешниот простор на училиштето се уредени, функционални и хигиенски чисти. Дворот е хортикултурно уреден,  поставени се клупи, настрешници, ограда,  корпи за отпадоци. На зелените површини е поставен систем за наводнување. Паркинг просторот е целосно осветлен. Холот е комплетно уреден со нови подни плочки, шкафчиња за наградите на учениците. Набавена е машина за чистење на холот на училиштето. Извршена е комплетна реконструкција на тоалетите во училиштето. На влезот на училиштето се поставени три пристапни рампи за лица со инвалидитет којшто им овозможува непречен влез во училишната зграда.

Комплетна промена на завесите во училиштето. Во холот  на училиштето има озвучување за време на одморите. Училишната зграда е целосно покриена со интернет.

Подобрени се условите за работа и обезбедени нагледни средства и помагала за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес. Обезбедени се алати за практична настава во сите струки. Сите кабинети се опремени со компјутер и телевизор. Комплетно опремени се две простории за чување на архивски материјал. За подобрување на безбедноста на учениците поставена е заштитна ограда на тротоарот покрај училиштето.

Целосна кровна реконструкција на училишната зграда. Промена на сите прозори и влезни портали во училиштето. Замена на подот во 7 училници со површина од 440$м^2$ и на дел од холот на третиот кат од училиштето.

Климатизирани се административните канцеларии.

Изградена е летна училница и комплетно уреден внатрешниот дел на училишен двор и училишните соблекувални.

Од останатите простории кои се во функција на наставата би ги издвоиле уште:

- **Кабинет за готварство и кабинет за послужување -** опремен е со

професионални електрични шпорети (15 кW), росфрајтни мијалници за садови, работни маси, фрижидер, разладна комора, голем број на ситен инвентар (угостителски маси, столови, прибор за сервирање и послужување и сл.), хауба за вентилација, фрижидери, клима и издувни вентилатори.

- **Спортска сала** е комплетно реконструирана и опремена со

најсовремени спортски реквизити за одвивање на наставата по спорт и спортски активности, но и за воннаставни спортски активности.

- **Машинска работилница** која е опремена со поголем број стругови,

глодалки, дупчалки, апарати за електрично и гасно заварување и секако одделение за рачна обработка на метал во кое 12 работни места се комплетно опремени со целиот потребен алат и прибор (комплетна донација од ГТЗ).

- **Лабораторија за автоматика и пнеуматика**

е опремена со опрема за автоматско водење и програмирање на производни процеси. Вкупно 9 работни места се опремени со : ПЛЦ (програмибилен логички контролер); компјутер со инсталиран СИМЕНС софтвер за програмирање на PLC; голем број на разни бесконтактни прекинувачи, релеи,

асинхрони мотори, фреквентен конвертор, компресор со развод на компримиран воздух до секое работно место, и друг помошен прибор, што оваа лабораторија ја прави една од ретките не само во нашата држава, туку и пошироко.

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик, а училиштето работи во две смени. Наставата се реализира како: редовна, изборна, практична, дополнителна и додатна настава и воннаставни активности.

Во училиштето има три струки и тоа: електротехничка, машинска и угостителско-туристичка струка.

Во рамките на **електротехничката струка** постојат следниве образовни профили со четиригодишно траење:

• Електротехничар енергетичар;
• Електротехничар за електроника и телекомуникации;
• Електротехничар за компјутерска техника и автоматика

Во рамките на **машинската струка** постојат следниве образовни профили со четиригодишно образование:

• Техничар за компјутерско управување;
• Машински техничар;
• Машински енергетски техничар;
• Машински техничар за моторни возила

со тригодишно образование:

• Машински механичар / Конструкциски механичар

Во рамките на **угостителско-туристичката струка** со тригодишно образование постои образовниот профил:

• Келнер / готвач

| Преглед на освоени места и признанија | | |
|---|---|---|
| **натпревари** | **2023/2024** | **2024/2025** |
| Меѓународни натпревари | 1 меѓународен натпревар<br>I место – /<br>II место - /<br>III место – 1 | / |
| Државни натпревари | 9 државни натпревари<br>I место – /<br>II место - 4<br>III место – 14 | 4 државен натпревар<br>I место – 1<br>II место - /<br>III место - 3 |
| Регионален натпревар | 3 регионален натпревар<br>I место – /<br>II место - 3<br>III место - / | 4 регионален натпревар<br>I место – 2<br>II место - 1<br>III место - 1 |
| Општински натпревари | 2 општински натпревари<br>I место - 1<br>II место - /<br>III место – 1 | 2 општински натпревари<br>I место - /<br>II место - /<br>III место – 17 |

# 1. Подрачје на вреднување: Наставни планови и програми

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**1.1. Реализација на наставните планови и програми;**

**1.2. Квалитет на наставните планови и програми;**

**1.3. Воннаставни активности**

Ниво на самоевалвација:**Многу добро**

| Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|
| **1.1 Реализација на наставните планови и програми** | -Применувани наставни планови и програми;<br>-Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>-Изборни наставни предмети;<br>-Планирање на активностите за реализација на содржини програмирани од училиштето;<br>- Реализација на проширените програми |
| **1.2 Квалитет на реализација на наставните планови и програми** | Родова и етничка рамноправност и мултиетничка сензитивност ;<br>Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>Интегрирање на општите цели на образованието<br>Влијание на наставниците врз наставните планови и програми |
| **1.3 Воннаставни активности** | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>Опфатеност на учениците во воннаставните активности<br>Афирмирање на учениците и училиштето преку вонннаставните активност. |

### 1.1 Реализација на наставните планови и програми

<table>
<tr><th>Извори</th><th>Информации кои се собрани</th></tr>
<tr><td>Наставни планови и програми донесени од МОН, БРО и ЦССО<br><br>Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Глобални и тематски планирања<br><br>Дневни планирања за наставен час<br><br>Е-дневник<br><br>Записници од Наставнички и совет на годината<br><br>Педагошка евиденција и документирање<br><br>Извештај за работата на ДСУ РЦСОО „Коле Нехтенин“- Штип за учебната 2023-2024 година<br><br>Извештај за работата на ДСУ РФЦСОО „Коле Нехтенин“- Штип за учебната 2024-2025 година</td><td>1.1.1 Применувани наставни планови и програми<br><br>ДСУ РЦСОО “Коле Нехтенин” е училиште за стручно образование во кое примената на наставните планови и програми е во согласност со донесените програмски документи од МОН изработени од БРО и Центар за стручно образование и наука.<br>Во нашето училиште учениците имаат можност да се определат за три образовни сектори/струки електротехника, машинство и угостителство и туризам со образовни профили од четиригодишно и тригодишно траење.<br><br>Образовни профилиод сектор електротехника:<br><br>• Електротехничар енергетичардуалнапаралелкасо четиригодишно траење со решение за верификација со број УП1 13-200 од 28.09.2023 година за прва и втора година и електротехничар енергетичар со четиригодишно траење со решение за верификација со број УП1 13-963 од 12.06.2020 година за трета и четврта година.<br>• Електротехничар за електроника и телекомуникациисо четиригодишно траење со решение за верификација со број УП1 13-962 од 12.06.2020 година<br>• Електротехничарза комјутерска техника и автоматикасо четиригодишно траење со решение за верификација со број УП1 13-961 од 12.06.2020 година<br><br>Образовни профилиод сектор машинство:<br><br>• Машински техничар дуалнапаралелкасо четиригодишно траење со решение за верификација со број УП1 13-201 од 08.11.2023 година за прва и втора година и машински техничар со четиригодишно траење со решение за верификација со број УП1 13-967 од 12.06.2020 година за трета и четврта година.<br>• Техничар за компјутерско управување дуалнапаралелкасо четиригодишно траење со решение за верификација со број УП1 13-199 од 28.09.2023 година за прва и втора година и техничар за компјутерско управување со четиригодишно траење со решение за верификација со број УП1 13-966 од 12.06.2020 година за трета и четврта година.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | • **Машинско-енергетски техничар со четиригодишно траење** со решение за верификација со број УП1 13-964 од 12.06.2020 година<br>• **Машински техничар за моторни возила со четиригодишно траење** со решение за верификација со број УП1 13-965 од 12.06.2020 година<br>• **Конструкциски механичар со тригогишно траење** со решение за верификација со број УП1 12-2015 од 15.01.2019<br>• **Машински механичар со тригогишно траење** со решение за верификација со број УП1 12-2015 од 15.01.2019<br><br>***Образовни профилиод сектор угостителство и туризам:***<br><br>• **келнер со тригодишно траење** со решение за верификација број 12-893 од 02.07.2018<br>• **готвач со тригодишно траење** со решение за верификација број 12-893 од 02.07.2018<br>• **угостителски техничар од четиригодишно траење** со решение за верификација со број 132410/2 од 07.03.2023за IV –та година по положена вертикална проодност од тригодишно образованиекелнер или готвач (во учебните 2023/2024 година и 2024/2025 година само за вонредни ученици)<br><br>Преминот со вертикална проодност од тригодишно во четиригодишно образование се реализира по решение со верификација 11-3217/1 од 14.09.2010 година на МОН. За тригодишните образовни профили по стари програми, вертикалната проодност е по старите испитни програми за проодност, додека пак за реформираното тригодишно образование вертикалната проодност е по испитните програми за вертикална проодност изработени од Центарот за стручно образование и обука во 2022 година.<br><br>Вонредните ученици кои се запишуваат во прва година полагаат според модуларно дизајнираните наставни планови и програми.Вонредните ученици кои го продолжуваат своето веќе започнато образование можат да продолжат и по претходните наставни планови и програми за кои училиштето има верификации од претходно што е според Насоките за начинот на организација и реализација на вонредното стручно образование издадени од Центарот за стручно образование и обука во декември 2023 година.<br><br>Врз основа на модуларните наставни планови и програми се изработуваат Годишно планирање модуларно дизајнирано, Тематско планирање и планирање на модуларна единица. Подготвените годишни |

| | |
|---|---|
| | и тематски планирања наставниците ги доставуваат на почетокот на секоја учебна година до педагошката служба. Во планирањата на наставниците се наведуваат 30% на содржини кои ќе се реализираат со примена на ИКТ во наставата. Исто така, во планирањата се применуваат и содржини од програмата Интеграција на еколошките стандарди во македонскиот образовен систем, при што избраните еко-содржини се поврзани со одредени содржини од наставниот процес.<br><br>Планирањата на наставниците се следат од страна на Директорот, педагошката служба и Државниот просветен инспекторат. Најмалку два пати годишно се врши следење на планирањата на наставниците од страна на Директорот и педагошката служба и при тоа се користи пропишана процедура за следење и вреднување на планирањата и подготовките за наставните часови. |

| | |
|---|---|
| Интервју со Директорот на училиштето | Стручното образование има клучна улога во развојот на економијата, вработливоста и мобилноста на работни места. Развојот на компетенциите кај младите треба да ги задоволи потребите на модерниот флексибилен и конкурентен пазар на труд. Технолошите иновации предизвикаа брзи промени во видот на работни места и содржината на работата во националната економија со перманентни промени во побарувачка за квалификации и нови вештини на пазарот на трудот. За таа цел се наметнуваат потребите од промени во структурата, организацијата и содржината на стручното образование и обука.<br>Реформата во стручното образование преку спроведување на новите модуларно дизајнирани наставни планови и програми во тригодишно и четиригодишно образование е спроведена во целост и училиштето постигнува врвни резултати и напредок.<br>Во учебната 2023/2024 год. за првпат во училиштето го спроведовме дуалното образование преку две паралелки и тоа: електротехничар-енергетичар од електротехничката струка и техничар за компјутерско управување/машински техничар од машинската струка. Учениците покажаа голем интерес за дуалните паралелки така што и во наредната учебна 2024/2025 година наведените паралелки ги оформивме како дуални, и овој тренд ќе продолжи и во наредните учебни години.<br>Дуалното образование подразбира реализација на практичната работа во реномирани компании со кои училиштето има потпишано меморандум за соработка.Компаниите кои се вклучени во програмата за дуално образование им овозможуваат на учениците реализација на практична настава во реални работни услови, а во соработка со наставниците по практична настава. За наставниците ова е можност за професионален развој и е многу значајно бидејќи на тој начин се подобрува образовниот |

| | |
|---|---|
| | процес во целост. Учениците стекнуваат и усовршуваат практични вештини со кои ќе бидат конкурентни на пазарот на труд. Овој систем им обезбедува образование кое гарантира нивно вработување во компаниите во кои ја реализирале практичната настава. Секако постои и можност за отварање на сопствен бизнис и продолжување на образованието, се зависно од желбата на ученикот.<br>Овој нов концепт на образование на учениците им обезбедува можност за добивање на стипендија од Министерството за образование и наука. Дополнително постои можност за добивање и на стипендија од компаниите во кои ја реализираат практичната настава.<br>Освен за дуалното образование посебен акцент беше ставен во делот на функционирање на практичната настава во сите профили и струки. Настава се изведува надвор од училиштата во реални компании во рамките на предметот Учење преку работа кај работодавач, како и ферijалната практика во летниот период.<br>Како училиште веќе имаме континурана и успешна соработка со повеќе фирми од бизнис секторот. Тие добиваат потенцијален кадар, а нашите ученици добиваат квалитетна практична настава.Во текот на последните две години, беа продолжени постојните и беа склучени повеќе нови договори за изведување на редовна и ферijална пракса, беа потпишани меѓусебни меморандуми за соработка во кои се регулирани условите и начините за работа во компаниите како: „Актива ДОО“,“ЕВН”, “МЕПСО”, „ТМ ДОО, “Јоле ДООЕЛ ”, Лонгуров ДОО, Медиа дизајн, КАНАЛ 77, Општина Штип, Основен суд Штип, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Славјански универзитет, Хидросистем Злетовица, ЛИОН ДОО Свети Николе и други.За учениците од угостителско-туристичката струка со години наназад имаме успешна соработка со многу угостителски објекти од градот и од целиот Источен регион од каде гравитираат нашите ученици, каде што се спроведува и редовната и ферijална практична настава.<br>Во поглед на реформите на наставните планови и програми, како училиште интензивно работиме на збогатување со материјално-организациските услови за реализација на истите. Во текот на изминатите две учебни години, набавени се роботи за електротехничката струка и CNC машина за машинската струка и 3D принтер, универзален сечко, фритеза и друга опрема за угостителската струка.<br>Според визијата, училиштето е активно вклучено и ги следи постојните потреби на пазарот на трудот и има целосна соработка со локалната самоуправа. Од тој аспект, честопати се интегрираат потребите на локалната средина со можностите на училиштето од техничка опременост и вештините на учениците, сето тоа вклопено во целите и резултатите кои треба да се постигнат со наставните програми најчесто од практична настава. |

| | |
|---|---|
| | Учебната 2025/26 ја започнуваме како Државно средно училиште-Регионален центар за стручно образование и обука или ДСУ-РЦСОО„Коле Нехтенин“ Штип. Врз база на целокупната работа на училиштето, достигнувањата на учениците и целокупниот напредок на училиштето воопшто во последните три години на предлог на Министерството за образование и наука, Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука со која училиштето од општинско преминува во државно сметано од 1.9.2025 година.<br>Трансформацијата на училиштето од општинско во државно ќе овозможи подобрување на условите за работа, инфраструктурно уредување, набавка на опрема и слично. ДСУ-РЦСОО„Коле Нехтенин“ Штип прераснува во Регионален центар за следните акредитирани профили: Сектор **Електротехника**, профили за формално образование: електротехничар за компјутерска техника и автоматика и електротехничар-енергетичар;профили за неформално образование: монтер за електрични мрежи и монтер за електрични инсталации. Сектор **Машинство,** профили за формално образование: машински техничар и техничар за компјутерско управување; профили за неформално образование: МИГ/МАГ заварувач и бравар.<br>Сите останати профили останувaат да постојат како и до сега, на исто рамниште со акредитираните и во иднина ќе се работи на нивен развој и надградба. Наш приотитет беше, и останува, квалитетно образование за сите наши ученици, создавање квалитетен кадар на пазарот на труд или стекнување квалитетна основа за понатамошно високо образование. |
| Наставни планови и програми<br><br>Веб и фб страна на училиштето<br><br>Записници од родителски средби<br><br>Записници од совет на родители<br><br>Годишна програма и извештај за работа на училиштето | **1.1.2 Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br><br>За подобрување на наставата и афирмирање на работата на училиштето активно се работи на изнаоѓање на различни форми за поефикасно вклучување на родителите и учениците во работата на училиштето. Оваа соработка започнува со презентации од училишни тимови во повеќе училишта во градот, но и во околните населени места, потоа на отворен ден на училиштето,преку индивидуални контакти на заинтересирани родители, преку презентации на училишната веб-страница и фб-страница.<br>Класните раководители на паралелките на почетокот на учебната година ги информираат учениците и родителите за наставниот план на образовниот профил во кој учи ученикот. Учениците се информираат преку предметните наставници за содржината и целите на наставната програма за секој предмет поединечно. За наставните планови и програми за тригодишното и четиригодишното образование, учениците, родителите и наставниците имаат можност да се информираат и преку веб страната на Центарот за стручно образование и обука. Од |

| | |
|---|---|
| | родителите секогаш се бара нивно поактивно вклучување за соодветни промени.Постои можност доколку се забележат недостатоци родителите и учениците да дејствуваат преку Советот на родители за да се пронаоѓаатначини за уште поуспешно реализирање на наставните планови и програми.<br>Во однос на усвоените промени за концепцијата на државна матура и во склоп со информираноста на учениците за содржините од испитите од државна матура и завршен испит учениците на веб страницата на училиштето можеа да ги преземат базените со испитни прашања за сите наставни предмети, кои се според планот и програмите за Државна матура и Завршен испит во средното стручно образование, а исто така да добијат информации од класните раководители и Матурската комисија на училиштето.<br>Вонредните ученици сите информации околу реализацијата на наставните програми можеа да ги добијат на фб и веб страната на училиштето, на страната на ЦСОО и лично од одговорните лица за вонредни ученици во училиштето. |

| | |
|---|---|
| Анкети за избор на изборни предмети<br><br>Анкети за ученици и наставници за информираност<br><br>Е-дневникна паралелката<br><br>Главна книга на паралелка | **1.1.3 Изборни наставни предмети**<br><br>Во функција на наставата се и изборните предмети кои се имлементираат со програми одобрени од МОН и ЦСОО. Изборните предмети се избираат со писмено изјаснување-анкета за секој ученик според понудените од наставните планови за соодветен профил.<br>Учениците имаат право на самостоен избор независно од нивната полова и етничка припадност, а раководејќи се по своите афинитети и интереси.<br>Изборните програми се во функција на професионалната ориентација на учениците и нивна подготовка за поквалитетно следење на повисокиот степен на образование. По определување на изборните предмети тие стануваат задолжителни за ученикот и влијаат на општиот успех. Реализирањето на овие часови се одвива според истите критериуми и квалитет како наставата за задолжителните предмети.<br><br>Во учебната 2023/24и 2024/25 година сите ученици од трета и четврта година на четиригодишно образование бираа по 1 предмет од изборните модули.<br>**Учебната 2023/24** |

| Паралелка | Образовен профил | Изборен предмет |
|---|---|---|
| III-1 | Електротехничар енергетичар | Обновливи извори на енергија -8<br>Заштита на електрични инсталации- 10 |
| III-2 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | Автомобилска електроника-4<br>Компјутерски системи -23 |
| III-3 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Математика – 5<br>Автоматизирани системи - 22<br>Веб програмирање- 7 |
| III-4 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Автоматизирани системи- 28<br>Мултимедија- 1<br>Веб програмирање-4 |
| III-5 | Машински теничар<br><br>Техничар за компјутеско управување | Организациско однесување-12<br>Обновливи извори на енергија-15 |
| III-6 | Машинско-енергетски техничар | Организациско однесување -8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Машински техничар за моторни возила | Уреди и опрема кај моторни возила -7 |
| IV-1 | Електротехничар енергетичар | Индустриска електроенергетика -15 |
| IV-2 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | Енеретска ефикасност-12<br>Радио и ТВ преносни системи-12 |
| IV-3 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Математика -3<br>Енергетска ефикасност на објекти- 12<br>3Д-моделирање-12 |
| IV-4 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Енергетска ефикасност на објекти -15<br>3Д-моделирање-5<br>Програмски јазици-9 |
| IV-5 | Машински техничар<br><br>Техничар за компјутерско управување | Бизнис и претприемништво- 5<br>Енергетска ефикасност и системи за греење, вентилација и климатизација- 11 |
| IV-6 | Машинско-енергетски техничар<br>Машински техничар за моторни возила | Бизнис и претприемништво-4<br>Современисистемина безбедност на моторните возила- 5 |

**Учебната 2024/25**

| Паралелка | Образовен профил | Изборен предмет |
|---|---|---|
| III-1 | Електротехничар енергетичар | Обновливи извори на енергија -7<br>Заштита на електрични инсталации- 5 |
| III-2 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | Компјутерски системи -19 |
| III-3 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Автоматизирани системи-8<br>Мултимедиа-7<br>Веб програмирање-7<br>Математика-12 |
| III-4 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Математика-7<br>Автоматизирани системи-5<br>Мултимедиа-8<br>Веб програмирање-9 |

| | | |
|---|---|---|
| III-5 | Машински теничар<br><br>Техничар за компјутеско управување | 1.Обновливи извори на енергија-11<br>2.Организациско однесување-6 |
| III-6 | Машинско-енергетски техничар<br>Машински техничар за моторни возила | |
| IV-1 | Електротехничар енергетичар | Бизнис предприемништво-6<br>Индустриска електроенергетика-11 |
| IV-2 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | Бизнис и предприемништво-12<br>Енергетска ефикасност на објекти-13 |
| IV-3 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Математика-9<br>Физика-1<br>Енергетска ефикасност на објекти-22<br>3 Д моделирање-1 |
| IV-4 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Енергетска ефикасност-14<br>3Д моделирање-7<br>Програмски јазици-7 |
| IV-5 | Машински техничар<br>Техничар за компјутерско управување | Енергетска ефикасност-14<br>Бизнис и претприемништво-11 |
| IV-6 | Машинско-енергетски техничар<br>Машински техничар за моторни возила | Бизнис и предприемништво-6<br>Современи системи за безбедност на моторни возила-6 |

| | |
|---|---|
| Анкети<br><br>Годишни и тематскипланирања<br><br>Портфолија од работа со ученици<br><br>Е-дневници<br><br>Главни книги | **1.1.4 Планирање на активности за реализација на содржини програмирани од училиштето**<br>Според новите реформирани наставни планови предвидена е реализација на содржини програмирани од училиштето со два часа неделно во четиригодишното образование, за кои учениците ќе бидат соодветно оценети. Во нашето училиште во учебните 2023/24 и 2024/25 година ги користевме програмите кои се концепирани од ЦСОО и кои се на веб страницата на ЦСОО:<br>Прва година- Светско наследство во рацете на младите,<br>Трета година - Подготовка за вработување и работа<br>Ученичка компанија<br>Часовите се во редовниот распоред на часови на учениците. Учениците се оценуваат во текот на целата учебна година и оцените се запишуваат во електронскиот дневник, евидентен лист, главна книга и свидетелството на ученикот. Оцената не влегува во вкупниот успех на ученикот. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Е-Дневници на паралелки<br><br>Планирања на наставници<br><br>Поднесени извештаи до педагошката служба<br><br>Програма на инклузивен тим<br><br>Програма за класен час<br><br>Програма за дополнителна и додатна настава | **1.1.5 Реализација на проширени програми**<br>Училиштето реализира и проширени програми кои имаат за цел да го подобрат квалитетот и успехот во настава. Еден дел од тие програми се програмите за дополнителна и додатна настава. Истата се изведува по сопствени програми кои ги изработуваат наставниците согледувајќи ги потребите на послабите и на талентираните ученици и истите навремено ги доставуваат до стручните служби. За учениците од четврта година додатната настава се однесува и на подготовка за испитите од државна матура и завршен испит. Часовите од дополнителна и додатна настава се внесуваат и во е-дневникот на паралелката. Останува проблемот дека заради голем број редовни часови и поврзаност со организиран превоз, тешко се обезбедуваат термини и простор за реализација на овие програми во поголем обем.Се реализира и продолжителна настава за учениците кои треба да се подготват за поправни испити.<br>Важен удел во проширените програми се програмите кои ги поднесуваат Инклузивниот тим, Еко Одборот, Кариерниот центар, Еразмус тимот, Библиотеката, Младинската организација, Програмите на стручните активи, итн.<br>Училишниот инклузивен тим во својата работа се залага :<br>- наставната работа да се приспособува кон развојните, заедничките и индивидуалните потреби за напредок на учениците;<br>- да се применуваат разновидни техники и стратегии во реализацијата на наставната работа;<br>- да ја зајакнува самодовербата и самопочитта – интерни обуки, работилници и консултативни средби во училиштето помагаат многу |

| | |
|---|---|
| | од наставниците да се ослободат од предрасудите и стравот и да се мотивираат да работат со ученици со попреченост.<br>Сите проширени програми дополнително придонесуваат за подигнување на вклученоста на учениците во различни активности кои позитивно влијаат на нивниот личен и професионален развој, кои ја подигнуваат нивната компетитивност на пазарот на трудот во иднина. Истовремено со тоа се зголемуваат и квалитетот и капацитетите на училиштето. |

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

- **Анализа на резултатите од извршеното анкетирање на 104 ученици и 34 наставницизa испитување на нивното мислење од подрачјето на квалитет на наставни планови и програми во училиштето и информираноста на учениците и родителите за истите**

1. Дали училиштето ги информира учениците и родителите за наставните планови за секој образовен профил, како и за наставните програми за секој предмет ?

   Резултати од ученици | Резултати од наставници







2. Дали новите модуларно дизајнирани наставни планови и програми одговараат на новите современи текови во технологијата и општеството?

Резултати од ученициРезултати од наставници

3. Дали учениците се добро информирани за изборот на изборните предмети во трета и четврта







година?

Резултати од ученици

Резултати од наставници







Од делот од прашањата на анкетата кои се однесуваат на наставните планови и програми општ е заклучокот дека учениците и родителите во главно добро се информирани за истите . За тоа колку модуларните програми ги следат современите текови учениците потврдиле со 56%, додека 42%од наставниците сметаат дека модуларните програми целосно ги следа, а 37% дека делумно ги следат современите текови. За тоа колку добро се унформирани учениците за изборните предмети и учениците и наставниците сметаат дека солидно се информирани, но дека може и подобро.

- **Анализа на резултатите од извршеното анкетирање на 104 ученици и 34 наставници за испитување на нивното мислење од подрачјето на квалитет на наставни планови и програми во училиштето**












На поставените прашања и наставниците и учениците сматаат дека училиштето делумно има ресурси за реализација на наставата, што значи сека треба да се работи на зголемување на техничките капацитети во кабинетите. Во главно се користи ИКТ во наставата, но факт е дека и во тој домен треба да се следат современите текови. Низ наставните предмети, класните часови и вонннаставни активности се реализираат Еко елементи и активности од родова и етничка еднаквост.

### 1.3. Воннаставни активности

| Извори и документација за увид | Информации кои се собрани |
|---|---|
| Акциони планови и извештаи на ученичките организации во училиштето за учебната 2023/2024 и 2024/2025 година:<br><br>Кариерен центар<br>Младинска Организација;<br>Еко активности;<br>Англиски дебатен клуб;<br>Wiki Клуб;<br>Литературно - рецитаторска секција;<br>Активности од МИО ( 2023/24, 2024/25)<br><br>Еразмус + активности;<br><br>Анкетен лист за учениците;<br><br>Анкетен лист за наставниците;<br><br>Интервју со педагогот во училиштето;<br><br>Педагошка евиденција и документација;<br><br>Дипломи, сертификати, благодарници и пофалници;<br><br>FB страна на училиштето;<br>web страна на училиштето;<br><br>Годишна програма и извештај за воспитно – образовната работа на училиштето. | • Училиштето се залага за вклучување на учениците во вонваставните активности;<br>• Училиштето се залага за вистински животни вредности преку реализација на вонваставни активност;<br>• Во училиштето се реализираат вонваставни активности кои овозможуваат личен,интелектуален,кариерен,емоционален и социјален развој на учениците;<br>• Во вонваставните активности можат да се вклучат ученици без разлика на пол, успех, поведение, етничка и социо-економска припадност;<br>• Во училиштето постои солидна заинтересираност на учениците и наставниците за вонваставни активности;<br>• Учениците се вклучуваат во вонваставните активности од Еразмус+ програми, стекнуваат комуникациски и организациски вештини и изградуваат меѓународни искуства<br>• Учениците развиваат љубов кон природата и еко вредностите, негуваат љубов кон пишаниот збор, читање и пишување на македонски јазик, како и развој на вештини за дебатирање на англиски јазик;<br>• Наставниците и учениците се мотивираат за учество и постигнување на високи резултати на натпревари, конкурси, литературни и други манифестации како на ниво на училиште, така и на ниво на општина и државно ниво ;<br><br>• Наставниците и учениците се вклучуваат во многубројни едукативни предавања во соработка со МОН, невладини организации, локални институции, факултети и сл. |

Информации добиени од интервјуто со педагогот во училиштето Сузана Л. Ефтимова

| Содржина на интервјуто | Информации од интервјуто |
|---|---|
| Дали во училиштето се реализираат воннаставни активности?<br><br>Кој се може да се вклучи во воннаставните активности?<br><br>Дали соработувате со невладиниот сектор?<br><br>Колку учениците и наставниците се ангажираат во реализацијата на воннаставните активности?<br><br>Колку воннаставните активности влијаат врз развојот на учениците и афирмацијата на училиштето? | Во училиштето се реализираат воннаставни активности во кои можат да се вклучат сите ученици без разлика на пол,возраст,успех,етничка и социо-економска положба по нивни избор и амбиции. Дел од наставниците и учениците покажуваат интерес за воннаставните активности и се вклучуваат во проекти во соработка со невладиниот сектор, МОН, Центарот за средно стручно образование, локална самоуправа,Центарот за јавно здравје итн. При реализација на воннаставните активности како проблем се јавува презафатеноста на учениците во училиштето со редовната настава и временската поврзаност со превозот на ученици. Воннаставните активности доста влијаат врз развојот на личноста на ученикот и за афирмација на училиштето.<br>**Во учебната 2023/2024 се реализираа следните воннаставни активности:**<br><br>1.Невладината организација „Двојна надеж“ – Штип одржа промотивна работилница како дел од прокетот „Спречување на младите во организиран криминал и коруптивно однесување преку зголемување на општествената резилиентност“.<br>2.Учество на меѓународен Викикамп Михајлово , што се одржа под мотото „Да го зачуваме живото наследство“.<br>3.Невладината организација „Двојна надеж“ – Штип одржа втората работилница од проектот „Спречување на младите во организиран криминал и коруптивно однесување преку зголемување на општествената резилиентност“.<br>4.Учество во еко проектот БиоОткритие 2023. Тоа е иновативен научен проект кој овозможува учеството на млади граѓани во "CitizenScience" активности преку нивното поврзување со природата и снимање податоци за биолошката разновидност.<br>5.Во хотел Гарденија во Велес здружението JuniorachievementMacedonia реализирана обука за спроведување на ученичка компанија.<br>6."Форум за развој на заедницата" организиран од Фондацијата за развој на локалната заедница Штип;. |

| | |
|---|---|
| | 7. Одделението за превенцијапри МВР –Штип одржа едукативно предавање „Превенција од дрога кај младите”.<br>8. Во рамките на Проектот на УСАИД за млади кои активно создаваат можности, во СОУ" Коле Нехтенин" Штип беше реализирана обука за 3Д скенирање, 3Д печатење и 3Д моделирање од страна на Ино Фаб Лаб лоциран на Технолошко-металуршки факултет во Скопје;<br>9. Учество на информативен настан со цел промовирање на проектот "Финансиска писменост за млади претприемачи -FinYes".<br>10. Едукативно предавање на тема: ,,Сексуално преносливи болести,,.<br>11. Обуката во канцеларијата на „Гласен Текстилец” (Организација за заштита на работничките права) на тема: врсничка едукација.<br>12. Учениците од училиштето учествуваа на ,, Хакатрон на идеи’’ одржана во Младински Центар Пробиштип. На настанот учесниците развиваа решавање на проблем во заедницата и се натпреваруваа во дизајнирањето на идеи.<br>13. Реализирана обука на тема: „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и образованието за возрасни.“<br>14. Реализирани повеќе активности во рамки на проектот "Квалитетно образование за сите"<br>15. Реализирана работилница како дел од Проектот „Зелена генерација: Училишта за климатска акција“спроведена од Национален младински совет на Македонија - НМСМ / NYCM / KRNM во соработка со Белградска отворена школа, Боневет и РЕСЕТ Центарот за одржлива енергетска транзиција - Сараево, со финансиска поддршка од Фондацијата Отворено општество.<br>16. По повод одбележувањето на 21 март – Денот на екологијата и 22 март - Денот на пролетта во нашето училиште беше организирана еколошка акција.<br>17. Реализирани активности во рамките на проектот "Финансиска писменост за млади претприемачи" спроведуван од Цефе Македонија, финансиски поддржан од Амбасадата на САД во Р.С.Македонија<br>18.Реализирани повеќе активности во соработка со Црвен Крст – Штип.<br>19. Одбележан светскиот ден на здравјето |

| | |
|---|---|
| | 20. Одбележан Светскиот ден на книгата и авторското право.<br>21.Активност, соработка, посети реализирани од проектот за Меѓуетничка интеграција.<br>22.Стручната служба учествуваше на обука за Унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовниот систем.<br><br>**Во учебната 2024/2025 се одржуваа следните воннаставни активности:**<br><br>1.Здружението на граѓани Викимедија МКД, во просториите на нашето училиште одржа обука на ученици за уредување на статии на Википедија.<br>2.Обука е во рамки на проектот ВИРТУАЛ ( финансиран од програмата Еразмус+), организиран од ЦЕФЕ Македонија. Целта на обуката беше учениците и студентите практично да стекнат обука за туризам преку иновативни технологии на виртуелна и аугментирана реалност.<br>3. Одбележување на 10 Октомври - Светскиот ден на менталното здравје во училиштето<br>4. Одбележан Европскиот ден на јазиците. Активноста беше дел од  проектот „Мултиетничка интеграција во образованието‟.<br>5. Во рамките на проектот " Финансиска писменост за млади претприемачи" спроведен од Цефе Македонија, се одржаа две дводневни обуки со ученици. Тие преку игра научија за основните функции за водење мал бизнис.<br>6.Во соработка со Црвен Крст беше спроведена крводарителска акција,<br>7.Одбележан  3 Декември - Меѓународниот ден на лицата со попреченост<br>8.Одбележан  1 декември - Светскиот ден за борба против сидата.<br>9. Учениците од Ученичката заедница присуствуваа на настан „Да разговараме за МЛАДИТЕ И ВОЛОНТИРАЊЕТО“ организиран по повод Светскиот ден на волонтерите, од страна на Граѓански ресурсен центар.<br>10. Во периодот од 15-19 декември 2024 година, нашето училиште зеде учество на овогодинешното издание на Форумот „Кон колаборативни практики“ (TowardsCollaborativePractice (TCP) Forum) во Торино, Италија.<br>11.Одбележување на  „Денот на розевата маица“,со цел да се подигне свеста за спречување на насилството во |

| | |
|---|---|
| | училиштето.<br>12. Нашето училиште учествуваше на завршниот настан од Еразмус+ проектот „Европски награди за одржливи училишта (ESSA)“, кој се одржа од 20 до 25 јуни 2025 година во Скопје, во организација на НВО „Заедно за успех“ и нивните партнери од Ирска и Шпанија |

- **Анализа на резултатите од извршеното анкетирање на 104 ученици и 34 наставници за испитување на нивното мислење за реализацијата на вонnаставните активности во училиштето**

Резултати од прашањата од анкетата за ученици и наставници за вонннаставни активности









Во однос на првото прашање за дали во училиштето доволно се реализраат вонннаставни активности кај наставниците е доминантен одговорот да со 53% , а кај учениците доминира делумно со 50 %. Заклучок е дека сите ученици не се запознати со можностите за вклучување во различните вонннаставни активности на училиштето, па тоа може да биде еден од приоритетите за следниот период.

Во однос на второто рашање за вклученост во вонаставни активности заклучок е дека 56% од наставниците се вклучени целосно и 41% делумно, а кај учениците 17% целосно и 66% делумно. Анкетата покажува дека еден број од учениците не се вклучени во вонаставни активности. Една од најчестите причини е организираниот превоз за учениците од другите општини заради кој тие често пати не можат да остануваат во училиштето во термини за вонаставни активности, но донекаде и недоволната информираност или незаинтересираност на дел од учениците.

За прашањето дали вонаставните активности позитивно влијаат врз личниот и кариерниот развој на учениците и учениците и наставниците се изјасниле со над 80% дека се сложуваат дека вонннаставните активности позитивно влијаат врз личниот и кариерен развој на учениците.

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| ❖ Наставата се реализира согласно наставни планови и програми за реформираностручно образование по модуларни наставни планови.<br>❖ Наставните планови и програми се реализираат во целост и во пропишаниот обем, со ангажирањето и креативноста на наставниот кадар<br>❖ Воведување на дуално образование за три образовни профили е голем чекор за директно поврзување на наставата со производствените компании на кои овој кадар им е многу потребен<br>❖ Вклучување на компании и фирми од локалната средина во дуалното образование во нашето училиште, учење преку работа кај работодавач како и феријална пракса на учениците.<br>❖ Успешно се реализира помош во наставата и за учениците со потешкотии во учењето<br>❖ Во реализирање на воннаставните активности учествуваат ученици без разлика на пол, возраст, успех, поведение, етничка и социо-економска припадност;<br>❖ Учениците по сопствен избор, желба и афинитети се вклучуваат во воннаставните активности;<br>❖ Учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации , воннаставни активности и натпревари од сите области на учењето;<br>❖ Преку воннаставните активности се афирмираат и учениците и училиштето | ❖ Недоволна е соработката помеѓу стручните активи при реализација на наставните планови и програми<br>❖ Недоволна меѓусебна соработка при изготвување на годишни, тематски и дневни планови од сродни предмети<br>❖ Недоволна соработка со други училишта за размена на искуства и добри практики<br>❖ Незаинтересираност на поголем број на родители за соработка околу наставните планови и програми<br>❖ Недоволна заинтересираност на учениците за образовните профили од машинската струка<br>❖ Недоволна заинтересираност за тригодишно образование кај учениците (освен за угостителско-туристичката струка)<br>❖ Се уште недоволен број на фирми и компании за реализација на предметот Учење преку работа кај работодавач и Феријалната пракса во одредени паралелки поради големиот број на ученици<br>❖ Преголема оптовареност на учениците со голем број часови и недостаток на слободно време за вонннаставни активности<br>❖ Недоволно обуки за стручните предмети за современа реализација на соодветните програми<br>❖ Намален интерес на учениците за учество на натпревари од општинско, регионално и државно ниво |

# П Р И О Р И Т Е Т И

- Постојано стручно усовршување на наставниот кадар;
- Постојано доопремување на училиштето за прилагодување на промените во реформираното образование односно реализација на вежбите според наставните програми на стручните предмети во кабинети со соодветна лабораториски уреди и опрема;
- Вклучување во меѓународни проекти за размена на искуства и едукација;
- Информирање, мотивирање и поттикнување на учениците за вклучување во реализирањето  на воннаставни активности во училиштето;
- Зголемување на соработката на училиштето со невладини организации, локални институции, МОН и БРО, Центарот за развој на средното стручно образование, соработка со организации од државата и локалната самоуправа  со цел збогатување на  воннаставните активности со нови, актуелни и современи теми и содржини;
- Организирање на работилници во училиштето со цел развивање на креативноста на учениците и нивниот потенцијал;
- Учество во проектот за Мултиетничка интеграција;
- Организирање на ЕКО активности;
- Организирање на поголем број на натпревари на ниво на училиште;
- Размена на искуства со ученици и наставници од други училишта.
- Активно вклучување на родители во воннаставните активности на училиштето
- Склучување на нови договори за соработка со компании од локалната средина

# 2.Подрачје на вреднување: Постигање на учениците

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**2.1. Постигања на учениците**

**2.2. Задржување/осипување на учениците**

**2.3. Повторување на учениците**

Ниво на самоевалуација:**Многу добро**

| Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|
| **2.1 Постигања на учениците** | • Следење на постигањата на учениците од различен пол,етичка припадност според наставни предмети, квалификациони периоди и јазикот на наставата;<br>• Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност и јазик на наставата;<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето на надарени ученици и на учениците со посебни образовни потреби;<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна настава;<br>• Следење на постигањата на учениците |
| **2.2 Задржување/осипување на учениците** | • Опфат на учениците<br>• Редовност на учениците<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на учениците од едно училиште во друго |

## 2 .1. Постигања на учениците

| Извори на податоци | Информации кои се собрани |
|---|---|
| Извештаи од стручна служба;<br><br>Извештаи за успехот и редовноста во учебните: 2023/2024 2024/2025 година;<br><br>Електронски дневник на Паралелките;<br><br>Евидентни листови за успех и поведение;<br><br>Записници од Наставнички совет и Совет на паралелката;<br><br>Записници од стручни активи;<br><br>Годишна програма на училиште;<br><br>Годишен Извештај за работа на Училиштето; | ДСУ РЦСОО „Коле Нехтенин" – Штип е верификувано да реализира настава за четиригодишно стручно образование во електротехничка струка и машинска струка. Во уч.2022/23година по прв пат добивме верификицаја за четиригодишно образование во Угостителско-туристичка струка ,,Угостителски техничар,,.Редовната настава по сите предмети и струки се реализира според програми одобрени од Министерството за образование и наука на Р. Македонија на македонски наставен јазик.Од прва година до четврта година на образование се обавува практична настава соодветно по струка и образовен профил.По завршување на прва,втора и трета година учениците реализираат и феријална пракса за време на летниот распуст во фирми,претпријатија,фабрики,угостителски објекти и др.<br><br>Наставата ја планира, организира и реализира соодветен стручен кадар кој ги следи новите современи, иновативни достигнувања во методологијата на учење, затоа наставниците се усовршуваат преку учество на семинари,обуки, советувања, предавања на разни актуелни теми, симпозиуми и слично.<br><br>Сознанијата од семинарите и обуките за вреднување на резултатите во учењето наставниците ги применуваат во секојдневната воспитно-образовна работа.<br><br>Училиштето ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети, континуирано во текот на целата учебна година. За таа цел се изготвуваат прегледи за успехот на учениците по класови и предмети на период од три месеци, полугодишни и завршни (годишни) прегледи, кои се предмет на анализа на наставниците, на педагошката служба, на наставничкиот совет, и на активите во училиштето. Постигањата на учениците ги следат и родителите преку евидентни листови, индивидуални посети во училиштето, родителски средби, по SMS пораки и преку електронскиот дневник.<br><br>Анализа за постигањата на учениците по струка и година споредбено за учебната 2023/2024 година и 2024/2025 год. табеларно е претставена. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Електротехничкаструка I- година | 3,35 | 3,42 | +0,07 |
| Машинскаструка I – година | 2,81 | 2,95 | +0,14 |
| Туристичка – угостителскаструка I - година | 2,45 | 2,70 | +0,25 |
| Среден успех на учениците во I – година | 3,03 | 3,15 | +0,12 |
| Електротехничкаструка II- година | 3,15 | 3,18 | +0,03 |
| Машинскаструка II – година | 2,68 | 2,56 | -0,12 |
| Туристичка – угостителскаструка II - година | 3,16 | 3,11 | -0,05 |
| Среден успех на учениците во II – година | 2,98 | 2,94 | -0,04 |
| Електротехничкаструка III- година | 3,38 | 3,60 | +0,22 |
| Машинскаструка III – година | 3,13 | 3,09 | -0,04 |
| Туристичка– угостителскаструка III - година | 2,90 | 3,27 | + 0,37 |
| Среден успех на учениците во III – година | 3,22 | 3,37 | +0,15 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Електротехничкаструка IV- година | 3,48 | 3,45 | -0,03 |
| Машинскаструка IV – година | 3,34 | 3,04 | -0,3 |
| Среден успех на учениците во IV – година | 3,43 | 3,31 | -0,12 |

| **Среден успех на учениците на ниво на училиште** | | | |
|---|---|---|---|
| | Среден успех во 2023/24 | Среден успех во 2024/2025 | Отстапка во средната оценка |
| Електротехничка струка | 3,34 | 3,41 | +0,07 |
| Машинска струка | 2,99 | 2,91 | -0,08 |
| Туристичка–угостителска струка | 2,83 | 3,02 | +0,19 |
| Среден успех на учениците | 3,16 | 3,19 | +0,03 |




Анализата на резултатите од постигањата на учениците споредени во двете учебнигодинибележатмало подобрување.

Сепак треба да се работи со учениците посветено со цел подобрување на знаењата, вештините, критичкотомислење,мотивацијата за учење со што и самиот индивидуален како и колективен успех ке се подобри.

| | |
|---|---|
| | Педагошкатаслужбавршитабеларнаанализа на успехот на учениците по година на образование и по половаприпадност. Статистичкатаанализапокажува дека во<br><br>уч/2023/2024 година од вкупниотбројученици 641, машки се 467 (или 73%), женски се 174 (или 27%), а во уч.2024/25 година од вкупниотброј на ученици671,машки се 499 или (75%),аженски се 172 или(25%). Постигнатиот успех по половаприпадност е претставен во табела . |

**Преглед на успехот по пол изразен во број**

| Учебна 2023/2024 Успех | ПРВА Година | | | ВТОРА година | | | ТРЕТА година | | | ЧЕТВРТА година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **СЕ** | **М** | **Ж** | **СЕ** | **М** | **Ж** | **СЕ** | **М** | **Ж** | **СЕ** |
| Одлични | 16 | 10 | 26 | 10 | 6 | 16 | 11 | 7 | 18 | 19 | 7 | 26 |
| Мн. Добри | 19 | 13 | 32 | 23 | 7 | 30 | 30 | 15 | 45 | 28 | 8 | 36 |
| Добри | 47 | 23 | 70 | 61 | 23 | 84 | 81 | 23 | 104 | 44 | 10 | 54 |
| Доволни | 31 | 9 | 40 | 25 | 5 | 30 | 12 | 4 | 16 | 2 | 2 | 4 |
| Повторувачи | 5 | 1 | 6 | ./ | ./ | / | 3 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 118 | 56 | 174 | 119 | 41 | 160 | 137 | 50 | 187 | 93 | 27 | 120 |

| Успех уч.2024/25 | ПРВА година | | | ВТОРА година | | | ТРЕТА година | | | ЧЕТВРТА година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **СЕ** | **М** | **Ж** | **СЕ** | **М** | **Ж** | **СЕ** | **М** | **Ж** | **СЕ** |
| Одлични | 17 | 11 | 28 | 14 | 9 | 23 | 20 | 7 | 27 | 14 | 4 | 18 |
| Мн. Добри | 42 | 13 | 55 | 23 | 7 | 30 | 34 | 10 | 44 | 42 | 9 | 51 |
| Добри | 65 | 18 | 83 | 46 | 26 | 72 | 66 | 10 | 76 | 55 | 9 | 64 |
| Доволни | 36 | 4 | 40 | 30 | 7 | 37 | 3 | 2 | 5 | 7 | 2 | 9 |
| Повторувачи | 5 | 2 | 7 | 2 | ./ | 2 | / | / | / | / | / | ./ |
| Вкупно | 165 | 48 | 213 | 115 | 49 | 164 | 123 | 29 | 152 | 118 | 24 | 142 |

| | |
|---|---|
| | Источниот регион од нашата држава во кој се наоѓа нашето училиште претежно е населен со македонско население, затоа учениците во голем процент се етнички Македонци.<br><br>Многу е мал процентот на ученици од други етнички заедници (турска, ромска, влашка и др.) затоа статистички прегледи на успехот по етничка припадност не се врши (податоците би биле ирелевантни).<br><br>Училиштето има стратегија и презема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците, затоа покрај редовната настава организира и реализира дополнитела и додатна настава. Систематското следење на постигањата подразбира навремена подготовка на оваа настава затоа наставниците изготвуваат програма за дополнителна и за додатна настава. Со учениците со тешкотии во совладување на материјата се реализира програмата за дополнителна настава, додека со учениците кои посебно се истакнуваат и покажуваат интерес за проширување на знаењата во разни области изучувани во соодветните години на образование се реализира програмата за додатна настава.<br>Идентификацијата на учениците со потешкотии вршат предметните наставници, класниот раководител и стручната служба во која работи и дефектолог. .Таа се врши преку набљудување и оценување од страна на предметните наставници, разговори со класните раководители, стручната служба и родителите.Постигањата на учениците се подобрува преку дополнителната настава, преку разговорите на раководителот на класот со учениците на класен час ,работа со дефектолог и преку ангажираноста на родителите. |

## Табеларен преглед за реализација на дополнителна и додатна настава учебна 2023/2024 г.

**Дополнителна настава**

| Предмети | I | II | III | IV |
|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 15 | 7 | 23 | |
| Англиски јазик | 3 | 2 | 2 | |
| Историја | 1 | 2 | | |
| Француски јазик | 1 | | | |
| Математика | 25 | 21 | 3 | 2 |
| Физика | 15 | 6 | | |
| Електротехнички материјали | 6 | | | |
| Електроника | | 2 | | |
| Ел.апарати и уреди | | | 2 | |
| Роботика | | | 8 | |
| Процесно управување | | | | 10 |
| Електрични централи | | | | 1 |
| Современи технологии | 4 | | | |
| Електрично осветление | | 1 | 4 | |
| Електрични мрежи и водови | | | 1 | |
| Техники и софтверски алатки | | 2 | | |
| Компјутерско управување | | | 4 | |
| Енергетски постројки | | | | 5 |
| Проектирање на технологии | | | 6 | |
| Програмирање на компјутерски управувани машини | | | 2 | |
| Машински елементи со механика | 4 | | | |
| Информатика | 5 | | | |
| Електротехника | 7 | | | |
| Електротехника со електроника | | 12 | | |
| Основи на послужување | | | 2 | |

**Додатнанастава**

| Предмети | I | II | III | IV |
|---|---|---|---|---|
| Англиски јазик | 6 | 4 | 4 | |
| Македонски јазик и литература | 12 | 4 | | |
| Автоматика | | | 2 | |
| Микропроцесори и микроконтролери | | | | 4 |
| Физика | | | | 2 |
| Математика | 11 | 3 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Моторни возила и мотори со СВС | | | 4 | |
| Термотехника | | | 4 | |
| Дигитална електроника | | | 2 | |
| Ел.апарати и уреди | | | 2 | |
| Роботика | | | 6 | |
| Процесно управување | | | | 6 |

## Табеларен преглед за реализација на додатна и дополнителна настава учебна 2024/2025 г.

**Дополнителнанастава**

| Предмети | I | II | III | IV |
|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 47 | 8 | 25 | 82 |
| Англиски јазик | | 5 | 6 | 2 |
| Француски јазик | 4 | | | |
| Математика | 5 | 16 | | |
| Физика | 2 | | 1 | |
| Електротехнички материјали | 4 | | | |
| Електроника | | 2 | | |
| Ел.апарати и уреди | | | 2 | |
| Машински елементи | 5 | | | |
| Електрични централи | | | | 2 |
| Современи технологии | 8 | | | |
| Електрично осветление | | 2 | | |
| Електрични мрежи и водови | | 2 | | |
| Компјутерски системи и мрежи | | | | 3 |
| Информатика | 10 | | | |
| Роботика | | | | 12 |
| Електротехника | 8 | 10 | | |
| Процесно управување | | | 18 | |
| Основи на послужување | | | 3 | |

**Додатнанастава**

| Предмети | I | II | III | IV |
|---|---|---|---|---|
| Англиски јазик | 14 | 8 | | 2 |
| Македонски јазик и литература | 30 | 2 | 8 | |
| Електрични апарати и уреди | | | 2 | |
| Граѓанско образование | 6 | | | |
| Микропроцесори и микроконтролери | | | | 4 |
| Процесно управување | | | 9 | 13 |
| Програмирање на КУМ | | | 4 | 2 |
| Роботика | | | | 13 |

Врз основа на табеларниот преглед се констатира дека во учебната 2023/2024год. <u>дополнителна настава</u> се одржани вкупно 216 час и тоа: општообразовни и природни предмети 128часа, предмети од електротехничка струка 48 часа, машинска струка 38, угостителскотуристичкаструка 2 часа.

<u>Додатна настава</u> се одржани вкупно 79 часа и тоа: општообразовни и природни предмети 49 часа, предмети од електротехничка струка 16 часа и предмети од машинска струка 14 одржани часа.

Учебната 2024/2025 год. се одржани вкупно 294 часа <u>дополнителна настава</u> и тоа: општообразовни и природни предмети 203, предмети од машинска струка 36 часа, предмети од електротехничка струка 52 часа, угостителско-туристичка – 3 часа.

<u>Додатна настава</u> се одржани вкупно 117 час и тоа: општообразовни и природни предмети 70 часа, предмети од електротехничка струка 41 часа и предмети од машинска струка 6 одржани часа.

Бројот на одржани часови по <u>дополнителна и додатна</u> настава во однос на претходната самоевалуација 2021-2023 години е зголемен. Овде треба да се напомене дека големо влијание на одржувањето на дополнителна и додатна настава има и двосменското работење на училиштето како и фактот дека поголем број од учениците се обврзани со превоз.

Идентификација на учениците кои посебно се истакнуваат и покажуваат интерес за проширување на знаењата во разни области изучувани во соодветните години на образование вршат наставниците по соодветните

предмети, стручната служба. Овие ученици под менторство на своите наставници учествуваат на разни натпревари, манифестации, дебати на разни теми, при тоа достојно го претставуваат и промовираат своето училиште. Учесниците јавно се истакнуваат, пофалуваат, наградуваат за своите достигнувања и несебични залагања, а за постигнатите резултати се води комплетна евиденција во стручната служба во училиштето.

Резултатите од активностите на додатната настава е учество на ученици на разни натпреварувања од областа на машинството, роботиката, електротехниката, електрониката развојот на нано технологијата, паметните материјали, туризмот и угостителството, од областа на математиката, во делот на културните, литературните и спортските манифестации и натпревари на разни нивоа ( општинско, регионално, државно, меѓународно).

## Освоени награди и признанијаучебна 2023/2024г.

ОСВОЕНИ НАГРАДИ НА ДРЖАВНИ,РЕГИОНАЛНИ И ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАРИ

ПОФАЛНИЦИ,УЧЕСТВО, КОНКУРСИ,НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| Учество | Ученици | Ментор |
| Струга-учество ,, Ученичка компанија,, | Марија Димитриевска 2-3<br>Ирина Шпритова 1-3<br>Ивона Рајиќ 1-3<br>Матеј Тодосиев 1-4<br>Леон Манов 1-3 | наставник Елизабета Протогерова |
| Конкурс ,,Книгата моја вечна инспирација,, | Мартин Тошев -4-4 ,второ место | наставник Данче Тошева |
| Стрелаштво | Јован Китанов 3-3 -петто место | наставник Антонио Киров |
| Историја-пласман за регионален натпревар | Роберто Арсовски 1-5<br>Бојан Митевски 2-3<br>Марија Димитриевска 2-3<br>Стефан Донев 2-3<br>Михајло Кралев 2-3 | наставник Елена Милева |
| Манифестација ,,Плати кафе со | Христина Лазарева 4-5, | наставник Данче Тошева |

| | | |
|---|---|---|
| поезија,, | прво место | |
| Ликовен конкурс | Марија Димитриевска 2-3 гран при<br>Јован Партиков 1-3 прва награда<br>Јована Јованова 1-3 втора награда<br>Дарија Арсова трета награда<br>Вероника Стојанова пофалница | наставник Лидија Трендафилова |
| Литературен конкурс Шопов | Сара Тошева 4-3 | наставникДанчеТошева |
| Друштвени игри ,,Изборологија,, 2-место | 1.Божидар Божилов,Давид Стојчев,Давид Јанакиевски,Арсен Ангелов,Лео Лазаров,Томе Филов 4-3 | наставник Лиљана Манова |
| Пинг понг МАСУМ | Илија Ризовски 3-3 | наставник Антонио Киров |
| Баскет МАСУМ | 1.Драгана Саздова 3-3<br>2.Давид Ташев 3-3<br>3.Филип Авукатов 3-3 | наставник Антонио Киров |
| Јавен Говор | Ивона Рајиќ 1-3 | наставник Верица Милорадова |
| Поетска творба | Марија Димитриевска 2-3 | наставник Силвана Иванова Андонова |
| ФУТСАЛ | Екипа -Машки.женски | наставник Методи Самарџиски |
| Шах- Државен натпревар | Дамјан Јовановски 2-1<br>Методи Донев 3-3<br>Иван Малечков Стоилков 3-3 | наставник Антонио Киров |
| Екипа кошарка –машки | | наставник Методи Самарџиски |
| | | |
| Екипа кошарка - женски | | наставник Антонио Киров |
| Екипа Ракомет –машки<br>Екипа ракомет –женски | | наставник Зоран Арсов |
| Екипа Одбојка -машки<br>Екипа одбојка -женски | | наставник Зоран Арсов |
| Меѓународенгастрономскинатпревар „Young Cheff Struga" | ИванПавлов,<br>ВанесаБошкова -Iгод.<br>МоникаМоневска- II год | наставник Митко Коцев<br>наставник Горан Антониевски |

## Освоени награди и признанијаучебна 2024/2025г.

ОСВОЕНИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА
НА ДРЖАВНИ, РЕГИОНАЛНИ И ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАРИ

1.Во период 29 - 30.9.2024 година во Струмица, по вторпат, се одржаМеѓународниотнатпревар за угостители „Tasty“, организиран од страна на Здружението за афирмација на млади угостители „Ескофиер“.

Претставниците од нашетоучилиштепостигнаависокирезултати:

УченичкатаСлавицаПетровска беше избрана во најдобритетројцаготвачи и дополнително освои ТРЕТО место од вкупно 40 учесници;

Моника Моневска, III год., освоибронзенмедал;

Матеј Филевски, III год., освоисребренмедал;

Иван Павлов, II год., освоисребренмедал;

Елизабета Иљазова, II год., освоизлатенмедал;

Јована Арсова, II год., освоизлатенмедал;

Славица Петрова, III год., освоизлатенмедал.

Ментори на наградените ученици се професорите Јулијана Саздова,Горан Антониевски и Митко Коцев

2.Ученикот Павел Велинов од 2-4кл освои втора награда на распишаниот литературен конкурс по повод патрониот празник на СОУ „Димитар Мирасчиев“ – Штип.Ментор проф.Верица Милорадова.

3.Ученикот Ангел Симјановски од 1-4кл го освои третото место на уредувачкиот натпревар организиран од ,,Викимедија -МКД,, на тема ,,Музика,,.

Ментор на ученикот проф.Љиљана Манова.

4.На литературниот конкурс распишан во чест на раѓањето на поетот Ацо Шопов ученичката Ивона Рајиќ од 2-3 кл го освои второрт место. Ментор на ученичката професор Верица Милорадова.

5. RoboRoxx тимот од нашето училиште на седмата по ред ,,First Lego League,,- Македонија , доби врвна награда за најдобар Тим за инженерска инзвонредност.

Тимот го сочинуваа учениците : Лука Тасев,Лина Божинова Анастасија Коцева, Павел Велинов и Филип Кангалов.

Ментори :Јулијана Ташкова и  Александра Романова Тасевски

6.Здружението на информатичари организира натпревар во програмирање на кој ученикот  Лука Тасев од  2-3кл. со менторот проф. Александар Иванов освои второ место на Регионален натпревар со право на учество на Државен натпревар.

7. На Државниот натпревар во програмирање организиран од Здружението на информатичари ученикот Лука Тасев од 2-3 кл го освои третото место.Ментор проф.Александар Иванов.

8.Во организација на ,,ЗЕМСУ,, во СОУ ,,Наце Буѓони,,-Куманово се одржа Регионален натпревар.Нашите ученици ги освоија следниве награди:

-Ученикот Иван Митевски од 3-1 кл го  освои второто место од профилот Електротехничар-Енергетичар.Ментори проф.Тони максимовски,Владо Арсов и Стојан Хаџи-Николов.

--Ученичката Андреа Златкова од 3-5 кл ја освои втората  награда од образовниот профил  Техничар за компјутерско управување.Ментори проф.Борис Карлански,Атанас Крстовски и Венцислав Панев

-Ученичката Марија Димитриевска од 3-3 кл  ја освои третата награда  од образовниот профил Електротехничар за компјутерска техника и автоматика.Ментори проф.Александра Романова тасевски,Александар Иванов и Зоран Поп-Томов

9.Општински натпревар во одбојка-машки, екипата од нашето училиште го освои првото место

10.На Регионалниот натпревар по англиски јазик во организација на ЕЛТАМ  МК нашите ученици ги освоија следниве награди

-Стефан Стоилков и ЕвгенијаКрстовскаИлијовска од 1-4 кл го освоија второто место.

Учениците се стекнаа со право на учество на Државниот натпревар кој ќе се одржи во Скопје.Ментор проф.Драгана Љуботенска.

11.Во организација на Викимедија Македонија учениците од Вики клубот при СОУ ,,Коле Нехтенин,, уредуваа статии на македонски јазик за ,,Википедиа,, на тема ,,Запознај ја Совенија,,.

Наградени се учениците: Димитар Костадинов од 1-4кл -3 награда и Марко Тенев 4 награда.

Наградите ги додели амбасадорот на Р.Словенија.

Натпреварот беше организиран на високо ниво со карактер на Државен и со голем број на учесници.Ментор Љиљана Манова.

12.Здружението на историчари  организира Регионален натпревар по Историја.

Од пристигнатите есеи на тема за личности од Македонската  национална  историја право на учество на Државен натпревар имаат учениците:

Тадеј Максимов од 1-4кл ,Роберто Арсовски од 2-5кл и Матеј Тодосиев од 2-4кл.

Ментор Елизабета Протогерова.

13.На Оптинскиот натпревар по Прва помош во категорија на средношколци во организација на Црвен крст –Штип, екипата од нашето училиште го освои третото место.Ментор педагог Славица Глигорова.

14.МАСУМ –Олимпијада

Наградени ученици: Павел Јорданов 1-4 освои трета награда на државно ниво за својата автентична фотографија во категорија ,,Избор за најдобра фотографија,,

Ученикот Јован Партиков 2-3 во истата конкуренција бешевисоко рангиран.

Ментор проф.Драгана Љуботенска.

Ученикот Лука Тасев од 2-3 кл освои 3 место во категоријата ,,Најдобро кариерно портфолио,,ментор Ивана Стојановска

15.Во нашето училиште работи Вики клубот во кој активно членуваат 20 ученика. Ментор е професор Љиљана Манова. Учениците од Вики клубот уредуваат статии на македонски јазик и редовно учествуваат на натпревари кои се во организација на здружението Викимедиа МКД.

16.Државен натпревар по изборологија, следниве ученици го освоија третото место:Михаил Томев,Михаела Томева,Викторија лазарева,марко тенев,Мартин Јанинков,Марија Димитриевска,Стефан Донев,Илина Стоилова,Бојан Митевски и Мартин Коцев.Ментор проф.Љиљана Манова.

Елтам Државен натпревар по англиски јазик

Второ место освоија учениците Стефан Стоилков и Евгенија Крстовска Илијоска од I-4 кл.

Ментор проф. Драгана Љуботенска.

17.На Државни стручни натпревари од областа на електротехничката,машинската и сообраќајната струка кој се одржаа во СЕТУ ,,Михајло Пупин,,-Скопје ученичката Андреа Златкова III-год освои 2 место.

Ментори проф.Венцислав Панев,Борис Карлански и Атанас Крстовски.

На овој натпревар беа пофалени следниве ученици:

Лука Николовски ,ментори проф.Драган Станков,Марјан Јованов и Владо Арсов

Марија Димитриевска ,ментори проф. Зоран Поп-Томов,Александра Романова Тасевски и Александар Иванов.

Иван Митевски,ментори проф.Стојан Хаџи-Николов,Владо Арсов и Тони Максимовски.

18.Литературни конкурси на тема ,,Книгата ме забавува и учи,,,Велигден-Воскресени,,,Спасовден Вознесение,,литературен конкурс за наградата Ѓупчо и Тошо Арсови и Св.Кирил и Методиј-наша светлина и аманет,,

Михаил Томев 1-4 ,Стефан Стоилков 1-4,Дамјан Јованов 1-4,Мелани Царева 1-4,Елена Јанева 1-4,Марио Темелкоски 1-4 ,Евгенија Крстовска Илијоска 1-4,Изабела Пешова 1-4.Марко Тенев 1-4,Ангел Симјановски 1-4 ,Андреј Горев 1-3 и Андреј Кралев 1-3 и Марина Гоцевска 1-3,Лука Манчевски 1-3.

Ивона Рајиќ 2-3 кл. –втора награда на манифестација ,,Плати кафе со поезија,,Ментор проф. Верица Милорадова.

19. Робомак јуниор -Драгана Саздова 2 место, ментор проф. Александра Романова Тасевски

20.Тео Коцев – изработкана училишна веб страна

| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| Програма за работа на училиштето;<br><br>Записници од Наставнички Совет;<br><br>Статистичкиизвештаи од педагошкаслужба;<br><br>Извештаи завоспитно-образовнатаработа на училиштето;<br><br>Записници од советување на родители и ученици;<br><br>Записници од педагошкаслужба;<br><br>Преведница; | **Опфат на учениците**<br><br>Во учебната 2023/2024 година во училиштето биле опфатени 668<br><br>ученици од кои: 174 ученички и 494 ученика распоредени во 30 паралелки,16 во електротехничката струка,11 во машинскатаструка и 3 паралелки во Угостителско-туристичкатаструка.<br><br>Во учебната 2024/25 година ,691 ученик,од кои: 172 ученички и 519 ученика распоредени во 30 паралелки,16 во електротехничката струка,11 во машинската и 3 во угостителско-туристичкатаструка.<br><br>И покрај постојаната тенденција на намалување на бројот на ученици во општината, ние како стручно училиште сме задоволни од интерсот на учениците да се запишуват во нашето училиште, бидејки имаме атрактивни струки и занимања кои се барани на пазарот на трудот ,паосвенученици од нашата општина ,имаме запишано и голем бројна ученици од соседните општини.<br><br>Училиштето води политика за самопромовирање во локалната и пошироката околина за опфат и запишување на поголем број ученици за што превзема конкретни мерки и активности,како што се: посета на основни училишта во нашата и во соседите општини,организира отворен ден за деветоодделенци и нивните родители, настап на локални медиуми, печатење на брошури, снимање на рекламни спотовии др.<br><br>Патака во учебната 2023/24 година во прва година се запишале 186ученици распоредени во 8 паралелки , а во учебната 2024/25 година 223 ученика распоредени во 8 паралелки. |

| | |
|---|---|
| Примерок од пропратн准писма;<br><br>Главникниги;<br><br>Брошури;<br><br>Презентација;<br><br>Статут на СОУ ,,КолеНехтенин,,;<br><br>Е-дневник; | **Редовност на учениците**<br><br>Во училиштето континуирано се следи редовноста на учениците од страна на класните раководители и стручната служба и навреме се интервенира доколку се забележи некоја негативна појава. Училиштето систематски ја следи редовноста и правианали за на редовноста на учениците по класови, години, а бидејќи сме стручно училиште изготвуваме анализи за редовноста поструки и паралелки од тригодишно и четиригодишно траење. Не се изготвуваат анализи за редовноста на учениците според етничката припадност, бидејки е малпроцентот на ученици од друга етничка припадност кои учат во нашето училиште.<br><br>Во училиштето постои стандардна процедура за оправдување на отсуствата, односно освен медицинска белешка од матичен лекар потребно е отсуството на ученикот да биде потврдено кај класниот раководител од страна на родителот.<br><br>Класните раководители задолжително ги повикуваат родителите на учениците кои имаат над 10 неоправдани изостаноци и над 100 оправдани изостаноци на советување за родители кое го спроведува педагошката служба во училиштето. Истотака се реализираат и индивидуални средби со родители во педагошкатаслужба.<br><br>Учениците кои отсуствуваат од настава се повикуваат на почести разговори во педагошката служба, со цел превентивно да се делува и да им се укаже дека со подобрување на редовноста ќе се подобри и нивниотуспех..<br><br>Од статистичките извештаи на крајот на учебната 2023/24 година на ниво на училиште, вкупниот број на изостаноци по ученики знесува 49,7 а во учебната 2024/25 година 47,6 изостанока по ученик.<br><br>Редовноста на учениците не задоволува,и ние како училиште не сме задоволни од редовноста на учениците и покрај сите превземени конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста на учениците.Затоа во наредната учебна година ќе се обидеме да најдеме нови мерки кои ќе бидат поефикасни се со цел надминување на овој голем проблем.<br><br>**Осипување на ученици**<br><br>Најголем број ученици кои се отпишуваат од нашето училиште се ученици од другите општини запишани во прва година. Причина се проблемите поврзани со интернатското сместување, превозот на |

| | |
|---|---|
| | учениците како и иселувањето на учениците во други држави.<br><br>Училиштето изготвува статистичка анализа за осипување на учениците по пол и етничка припадност.<br><br>Во погледна полот во учебната 2023/2024 година, вкупно 33 ученицизаминале од нашето училиште од кои: девојчиња 8 и момчиња 25, а во поглед на етничкатаприпадност: Роми 3 и Македонци.30<br><br>Во учебната 2024/2025 година, вкупно 29 ученика заминале од нашетоучилиште, од кои: момчиња 25 и девојчиња 4, а во поглед на етничкатаприпадност на учениците: Македонци. 24, Турци4, Роми 1<br><br>**Премин на ученици од едно во другоучилиште**<br><br>Нашето училиште ја почитува постапката за премин на ученици од едно во другоучилиште. Класните раководители пополнуваат преведница , а обврска на педагошката служба е до Државниот просветен инспектор во нашата општина да достави пропратно писмо со податоци за ученици кои се отпишуваат од нашето училиште, а со тоа и вториот дел од преведницата со која се потврдува дека учениците образованието го продолжуваат во друго училиште. |

## 2.2 Повторување на учениците

| Извори на податоци | Информации кои се собрани |
|---|---|
| Записници од Наставнички Совет;<br><br>Статистички извештаи од педагошка служба;<br><br>Извештаи за воспитно-образовна работа;<br>Е- дневник;<br><br>Главна книга; | **Ученици кои не ја завршуваатгодината**<br><br>Ученици кои по завршувањето на учебната година имаат три или повеќе од три слаби оцени,кои на поправниот испит во вториот рок добиле негативна оцена или неоправдан оотсуствуваат од полагањето на поправниот испит ја повторуваат годината.<br>Во учебната 2023/2024 година,одвкупно 641 ученик, 6 ученика ја повторувале годината, односно 0,9 % од вкупниот број на ученици не ја завршиле годината.4 ученика од завршните класови не се јавиле да полагаат во двата испитни рока и овие ученици од следната учебна година преминуваат во вонредни ученици.<br>Во учебната 2024/2025 година, од вкупно 671 ученик, 9 ученика ја повторувале годината, односно 1,3 % од вкупниот број на ученици не ја завршиле годината.<br>Процентот на ученици кои не ја завршуваат годината во последните три учебни години е непроменет и изнесува |

| | |
|---|---|
| | околу 1%<br>Најчеста причина за повторување на учениците е нередовно посетување на наставата или неангажираност при совладување на наставното градиво.<br>Акоученикот не е задоволен од некоигодишниоцени што му се соопштени,класниот раководител го информирародителот и ученикот дека во рок од тридена имаат право да поднесат Приговор до Наставничкиот Совет, а Наставничкиот Совет одлучува дали оцената ќе ја потврди, измени или ќе организира повторна проверка на знаењата на ученикот.<br>Наставниот кадар при СОУ ,,КолеНехтенин,,секоја учебна година се стреми кон постигање на подобри резултати,бара начини за зголемување на мотивацијата кај учениците за учење и редовно следење на наставата ,и намалување на бројот на ученици кои не ја завршуваат годината. |

| **Јакистрани** | **Слабистрани** |
|---|---|
| ❖ Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по квалификациони периоди, попол ,години и струки, бидејќи станува збор за стручноучилиште.<br>❖ Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи методи и форми во наставата, користење на ИКТ, изработка на проекти, презентации, истражувања и др.<br>❖ Идентификација на ученици со потешкотии во учењето ја вршат предметните наставници и класните раководители во соработка со стручнатаслужба во училиштето во која работи и дефектолог.. Подобрување на постигањата на учениците се врши и преку организирање и реализирање на дополнителна и додатнанастава;<br>❖ Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците од еден во друг циклус;<br>❖ Учество на учениците на меѓународни, државни и регионални натпревари и постигање на добри резултати;<br>❖ Редовно следење и вреднување на постигањата;<br>❖ Зголемен број на запишаниученици<br>. | ❖ двосменско работење на училиштето;<br>❖ поголем број од учениците користат бесплатен превоз и тоа дополнително ја отежнува реализацијата на дополнителна и додатна настава;<br>❖ успехот на учениците и редовноста не задоволува; |

## П Р И О Р И Т Е Т И

- Подобрување на редовноста на учениците и намалување на бројот на изостаноци;
- Подобрување на успехот на учениците и зголемување на соработката со родителите.

## 3. Подрачје на вреднување

## -Учење и настава

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на следните индикатори:

**3.1. Планирање на наставниот процес од страна на наставниците;**

**3.2. Наставниот процес во училиштето;**

**3.3. Искуства на учениците од учењето;**

**3.4. Интерактивните процеси во училиштето;**

**3.4. Задоволување на потребите на учениците од наставниот процес;**

**3.5. Оценување како дел од наставата;**

**3.6 .Информации за напредокот и постигнувањата на учениците;**

Ниво на самоевалвација:**Многу добро**

3.1.2. Поддршка и следење на планирањата на наставниците;
3.1.3. Размена на искуства и информации при планирањето на наставните програми;

Податоците кои се анализирани се добиени преку спроведување на електронски анкетни прашалници со помош на алатката Microsoft Forms. Беа спроведени три анкетни прашалника, еден за родители, еден за ученици и еден за наставници. Добиените резултати се детално анализирани и образложени во ова подрачје на вреднување.

### 3.1. Планирање на наставниот процес од страна на наставниците

| Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|
| Индивидуални планирања на наставниците;<br><br>Педагошка служба;<br><br>Наставници;<br><br>Наставни планови и програми од БРО и МОН за реализација на наставата;<br><br>Годишни, тематски планови за реализација на наставата и оперативни планови за час, програми за дополнителна и додатна настава во дигитална и печатена форма .<br><br>Интегрирано планирање на содржини од еко –стандардите и содржини од мултиетничка интеграција (МИО)<br><br>Извештај од БРО и МОН<br><br>Годишна програма на училиштето | **Индивидуални планирања на наставниците**<br><br>За реализација на наставните планови и програми наставниците подготвуваат:<br>• Годишен глобален план;<br>• Тематски планирања за секоја тема;<br>• Годишни и тематски планирања на класните часови;<br>• Оперативни планови за час;<br>• Програми за дополнителна и додатна настава;<br>• Планирање на практична настава на стручните активи;<br>• Стандарди за оценување;<br>• Критериуми на оценување;<br>• Календар за оценување;<br>• Личен план за професионален развој<br><br>Планирањата на наставниците содржат:<br><br>• цели на учењето;<br>• активности на часовите - интерактивни форми и методи;<br>• содржина на наставниот час (воведен дел, главен и завршен);<br>• очекувани резултати од учењето;<br>• избор на задачи во текот на часот како и задачи за домашна работа;<br>• проверка на постигањата на учениците ;<br>• корелација со други наставни содржини или наставни предмети ;<br>• евалуација на реализиран час<br><br>Дел од наставниците во своите планирања наведуваат кои наставни содржини ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата.<br><br>• Во наставните предмети, наставниците вградуваат содржини од програмата |

| | |
|---|---|
| | ”Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем “ и „ Мултиетничка интеграција во образованието“ . Избраните еко – содржини т.е. точки на акција од еко - стандардите се во голем број и се доста добро поврзани со предметите и содржините кои одговараат со возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите,истражување,анализирање,изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл. Со што се допринесува преку нив да се поттикнат мисловните активности и да се развие еколошката свест кај учениците. Интегрираното планирање соодвествува со наставните планови и програми на БРО.<br><br>• Во рамките на Мултиетничката интеграција во образованието, наставниците и учениците во соработка со стручните служби реализираат содржини со кои учениците стекнуваат знаења и вештини од оваа област и даваат свој придонес и значење во мултиетничкото интегрирање на сите ученици од училиштето во нашето општество. Интегрираното планирање соодвествува со наставните планови и програми на БРО. |
| Директор/Педагошка служба;<br><br>Годишна програма на училиштето;<br><br>Годишна програма за работа на директор;<br><br>Годишна програма за работа на педагози;<br><br>Увид во годишните и тематски планирања на секој наставник; | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br><br>Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма и тоа:<br>• годишните и тематски планирања кои наставниците на почетокот од учебната година ги доставуваат во педагошката служба во дигитална или печатена форма;<br>• оперативни планови за час кои наставниците ги изработуваат за секој наставен час и истите се достапни на увид од страна на директорот , стручната служба |

| | |
|---|---|
| Дневници за работа;<br><br>Програми за работа на менторите;<br><br>Записник од посета на час; | и државниот просветен инспекторат;<br>• увид во дневници;<br>• посети на наставни часови од стручната служба и директор при што се користи пропишана процедура која опфаќа инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови ( цели на часот , активности , примена на интерактивни форми и методи , очекувани исходи од учењето , проверка на постигањата на учениците, констатации / евалуација на реализиран час);<br>Од секоја посета на час стручната служба изготвува записник за реализираните активности и препораки.<br>• консултативни разговори со стручната служба и сугестии за подобрување на наставата и примена на интерактивни техники и методи како и примена на ИКТ во наставата;<br>• воведување во работата на новиот наставен кадар од страна на педагошка служба;<br>• воведување во работата на наставниците почетници од страна на менторите при што се дава целосна помош и поддршка при планирањата и реализацијата на наставните содржини како и во сите други сегменти од работата на наставниците- почетници. |
| Програми за работа на секој стручен актив за учебната година;<br><br>Извештаи од состаноци на стручните активи;<br><br>Годишен извештај за работата на стручните активи;<br><br>Обуки на наставниците од | **Размена на искуства и информации при планирањето на наставните програми**<br><br>Искуства и информации при планирањето наставниците разменуваат на ниво на :<br><br>• Стручниот актив;<br>• размена на искуства за реализација на наставната програма;<br>• размена на искуства за примена на интерактивни форми и методи , примена на ИКТ во наставата;<br>• размена на искуства и консултации за програмите за работа со ученици кои имаат потешкотии при совладување на материјалот;<br>• размена на искуства и консултации за |

| | |
|---|---|
| страна на БРО и Државен испитен центар; | програмите за работа со надарени ученици и нивна подготовка за учество на натпревари;<br>• консултации за реализација на наставната програма;<br>• консултации за примена на интерактивни форми иметоди , примена на ИКТ во наставата;<br>• консултации за подготовка на учениците за државна матура.<br>• Голем дел од наставниците исто така користат интернет платформи ( web страни и форуми ) за стекнување на нови знаења и вештини. |

### 3.2 Наставен процес

АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА НАСТАВНИЦИ

| Извори | Информации кои се собрани |
|---|---|
| Анкетни листови за наставници | **Индивидуални планирања на наставниците**<br>**Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br><br>Спроведен е анкетен прашалник врз репрезентативен примерок од 35 наставници. Прашалникот се однесува на наставниот процес, односно наставата и учењето. Во прилог е анализата на резултатите од истражувањето.<br><br>1. На прашањето дали наставниците на почетокот на учебната година ја доставуваат потребната документација (годишно и тематско планирање, стандарди и критериуми за оценување), сите 35 наставници одговориле дека целосно ја доставуваат на почетокот на учебната година.<br>2. 33 наставници од вкупно 35 при планирањето на наставната програма вметнуваат ИКТ, а 2 наставници се изјасниле дека тоа го прават делумно.<br>3. При планирањето на наставните содржини, 27 наставник вметнуваат ЕКО елементи и елементи од Мултиетничка интеграција, 5 наставници делумно додека 3 наставника одговориле дека не го прават тоа.<br>4. При планирањето на наставната програма, 7 наставника |

| | |
|---|---|
| | помош добиваат од педагошката служба, 4 разменуваат мислења со другите колеги, 19 сами го прават тоа, и двајца наставници изјавиле дека добиваат помош од надворешни соработници.<br>5. Во однос на тоа дали наставниците сметаат дека планирањето го подобрува наставниот процес, 16 наставника се согласуваат, 11 делумно се согласуваат дека планирањето го подобрува наставниот процес и 5 наставника не се согласуваат.<br>6. Од вкупно анкетирани 33 наставника, 28 наставника секогаш користат интерактивни методи на работа, а 5 наставника изјавиле дека тоа го прават само понекогаш.<br>7. На прашањето кои интерактивни методи ги користат на часовите, 15 ја користат соработката, 5 натпреварот, 2 размена , 5 наставника користат помош и разбирање и 3 наставника изјавиле дека користат други методи различни од наведените.<br>8. Најмалку двапати во годината сум посетуван на час од страна на педагошката служба и директорот, одговорите на наставниците се следните:<br>а) двапати 6<br>б) повеќе од двапати 20<br>в) само еднаш 6<br>г) никогаш 0<br><br>Дали добиваат повратна информација од посетата на час, 30 наставник одговориле дека често добиваат, 2 наставника изјавиле дека ретко ретко добиваат повратна информација.<br><br>9. Дали наставниците изработуваат програма за талентирани ученици и редовно одржуваат дополнителни часови, 26 наставника се изјасниле дека изработуваат, а 7 не изработуваат.<br>10. Дали наставниците изработуваат програми за деца со посебни потреби, 8 наставника изработуваат и работат со вакви деца, а 25 наставника не изработуваат.<br>11. Во однос на оценувањето:<br>33 наставника транспарентно го вршат оценувањето, 29 користат инструменти за оценување, 16 наставника даваат повратни информации. Бидејќи и на ова прашање можеше да се изберат повеќе одговори, очигледно е дека наставниците ги комбинираат наведените инструменти и форми на оценување.<br><br>12. На прашањето дали наставниците одржуваат редовни контакти со родителите со цел подобрување на наставата, |

| | |
|---|---|
| | учењето и повратните информации, 28 наставника одговориле дека редовно го прават тоа, а 5 наставника одговориле ретко. |

**3.2.1. Наставни форми и методи;**

**3.2.2. Избор на задачи, активности и ресурси;**

**3.2.3. Интеракција меѓу наставниците и учениците;**

**3.2.4. Приодот на наставникот кон учениците;**

**3.2.5. Следење на наставниот процес;**

| **Извори** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| Портфолија на наставници<br><br>Оперативни планови за час (начини на реализација на часот);<br><br>Програми за дополнителна и додатна настава;<br><br>Увид во дневници за реализирана дополнителна и додатна настава;<br><br>Изработени проекти од учениците (кои вклучуваат истражување , Power point презентации и примена на ИКТ во наставата);<br><br>Оперативни планови за час кои содржат: | **Наставни форми и методи**<br><br>• Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за реализација на наставата индивидуална работа, работа во групи, кооперативно учење, истражување, power point презентации, изработка на визуелни помагала и изработка на проекти;<br>• Голем дел од наставниците применуваат ИКТ во наставата (истражување од страна на учениците на различни веб платформи, часови подготвени со power point презентации), документарни филмови;<br>• Наставниците применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик.<br>• дополнителна настава за учениците со потешкотии при совладувањето на материјалот;<br>• додатна настава за надарени ученици;<br>• учество на натпревари;<br>• учество во проекти ;<br>• учество на онлајн форуми; |

| | |
|---|---|
| задачи , прашања и активности за стекнување на нови знаења во текот на часот ,<br><br>задачи , прашања и активности за домашна работа<br><br>наставни нагледни средства и тоа учебници, збирки задачи , интернет страници , дидактички помагала.<br>Програми за дополнителна настава;<br><br>Програми за додатна настава кои содржат и дополнителна прирачна литература;<br><br>Web страни на наставници од училиштето со материјали од наставната програма и задачи , активности со различно ниво на сложеност;<br><br>Увид во дневници за реализирана дополнителна и додатна настава;<br><br>-Изработени проекти од учениците (кои вклучуваат истражување, Power point презентации и примена на ИКТ во наставата);<br><br>Оперативни планови за час во кои се наведени целите на учењето, нагледни средства , наставни методи и очекувани резултати од учењето;<br><br>Порфолио на наставниците во кој се следи наставниот процес | **Избор на задачи, активности и ресурси**<br><br>• Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници, стручна литература, интернет (web страната на БРО и други web страни поврзани со образованието), училишна библиотека-медиотека, LCD– проектори, телевизори, современи табли, цртежи, слики, нагледни средства, материјал и алати за практична настава за учениците од стручното образование.<br>• Изборот на задачи и активности наставниците ги планираат и тие се поврзани со работата на учениците на час и се во согласност со предвидените цели во наставата;<br>• Домашни работи со избор на задачи и активности со различно ниво на сложеност со кои учениците треба да ги применат своите знаења стекнати за време на часовите;<br>• Дополнителна настава - избор на задачи со различно ниво на сложеност за учениците кои имаат потешкотии при совладувањето на материјалот;<br>• Додатна настава – избор на задачи со повиско тежинско ниво, подготвителни задачи за натпревари, збирки и дополнителна стручна литература;<br>• Проекти од учениците кои вклучуваат истражување , power point презентации и примена на ИКТ во наставата;<br>• Дел од наставниците имаат и свои web страни со материјали од наставната програма и задачи , активности со различно ниво на сложеност.<br>• Активности за примена на знаењата на учениците при посета на фирми за практична настава на учениците од стручното образование.<br><br>**Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br><br>Наставниците применуваат различни форми на интеракција со учениците со што се поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата и тоа: |

| | |
|---|---|
| од страна на директор и педагошката служба;<br><br>Класни часови на кои се дискутира за односот ученик-ученик, ученик–наставник-родител, за дискриминацијата, ненасилството меѓу младите и други едукативни теми ;<br><br>Записници од Наставнички совет и родителски средби;<br><br>Годишна програма на училиштето;<br><br>Годишна програма за работа на директор;<br><br>Годишна програма за работа на педагог;<br><br>Пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес;<br><br>Листи за набљудување при реализација на час ( портфолио за секој наставник );<br><br>Записници од состаноци на стручни активи | • запознавање на учениците со целите на учењето во текот на часот;<br><br>• индивидуална работа ;<br>• работа во групи ;<br>• кооперативно учење и истражување;<br>• резимирање на знаењата стекнати во текот на часот /очекувани резултати од учењето;<br>• дискусии, дебати и реализација на проекти што се во насока на промовирање на учењето.<br><br>**Приодот на наставникот кон учениците**<br><br>Наставниците подеднакво се однесуваат кон учениците и не прават разлика помеѓу учениците според нивниот пол , социјално потекло , етничката и религиската припадност и забрануваат предрасуди, стереотипи и дискриминаторски ставови<br><br>**Следење на наставниот процес**<br><br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и тоа со:<br>- увид во годишните планирања на наставата , тематските и дневните подготовки;<br>-посета на часови ( секој наставник е посетен најмалку два пати во годината од директорот и стручната служба);<br>-листи за набљудување при реализација на час ( портфолио за секој наставник );<br>-соработка на наставниците со учениците и родителите ;<br><br>Наодите од следењето на наставниците се користат за подобрување на наставниот процес преку:<br>-стручна и методска помош во реализација на наставата ( педагог , ментор , стручен актив); |

**3.3. Искуства на учениците од учењето;**

**3.3.1. Средина за учење;**

**3.3.2. Атмосфера за учење;**

**3.3.3 Поттикнување на учениците за преземање одговорност;**

**3.3.4 Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните на училиштето**

| Извори | Информации кои се собрани |
|---|---|
| -Анкетен прашалник за Ученици;<br>-Годишна програма на Училиштето;<br>-Разговор со ученици;<br>-Разговор со родители;<br>-Разговор со педагошка служба;<br>-Трудови на учениците;<br>-Проекти на ученици | • Учениците се охрабруваат активно да учествуваат во проекти и нивните трудови и презентации се изложуваат на соодветни места во училниците и во училиштето.<br><br>Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. Образовниот процес се реазлизира во кабинетска настава, спортска сала, машинска работилница, медиотека и центар за кариера кои солидно се опремени и им овозможуваат на учениците да стекнат знаења и вештини потребни за образовните профили за кои се школуваат.<br><br>Наставниците постојано ги потикнуваат и охрабруваат учениците да истражуваат, да изработуваат трудови и да учествуваат во проекти.<br>Трудовите на учениците се транспарентни и се изложуваат во холот од училиштето, како и во самите училници. Со тоа, се постигнува додатно мотивирање и стимулирање за учење.<br><br>Додатна е и мотивацијата со читање на соопштенија во сите класови за успесите на учениците кои ги имаат на различни натпревари, конкурси, дебати и сл.<br><br>Голем дел од учениците (анкетен прашалник) се изјасниле дека имаат можност самостојно да размислуваат, да даваат предлози и да преземаат одговорност.<br><br>Тие сметаат дека во училиштето се наградуваат и |

| | |
|---|---|
| Педагошка служба;<br><br>Планирања на наставата од страна на наставниците;<br><br>Програми за дополнителна и додатна настава; | пофалуваат подеднакво сите ученици кои постигнуваат успеси и освојуваат награди.<br><br>Нашето училиште е отворено за соработка, учествува и организира натпреварувања, соработува со локалната заедница, невладини организации, бизнис сектор и др.<br><br>Учениците се дружат и остваруваат соработка со други училишта на натпревари, дебати и трибини како и во активности од социјален карактер како што се еко акции организирани од Еко клубот, Младинската организација, Дебатен клуб и сл.<br><br>**Атмосфера за учење**<br><br>Учениците се охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето и наставата преку:<br>• кооперативно учење , работа во групи и парови, активирање на пасивни ученици, пофалби, набљудување и модифицирање на наставата;<br>• организирање на додатна настава за надарени ученици и нивно охрабрување за учество на натпревари;<br>• организирање на дополнителна настава за ученици со понизок квантум на знаења и мотивирање на истите;<br>• учество во проекти во кои се вклучени наставниците и учениците.<br><br>**Поттикнување на учениците за преземање на одговорност**<br><br>Учениците се охрабруваат да преземаат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во активности во и вон наставата.<br><br>**Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br><br>• Училиштето низ организирани форми , |

| | |
|---|---|
| | поттикнува,мотивира и остварува соработка меѓу учениците и наставниците во училиштето.<br><br>• Организација и учество на проекти од хуманитарен карактер;<br><br>• Учество на проекти со цел подигање на свеста за комуникација и ненасилно разрешување на конфликти меѓу младите;<br>• Учество во проекти со порака младите против дискриминацијата. |

АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИ

| Извори | Информации кои се собрани |
|---|---|
| -Анкетни листови за ученици<br><br>-Анкетни листови за ученици<br><br>-Анкетни листови за ученици<br><br>-Анкетни листови за ученици | **Средина на учење**<br><br>**Атмосфера за учење**<br><br>**Поттикнување на учениците за преземање на одговорност**<br><br>**Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br><br>Спроведен е анкетен прашалник врз репрезентативен примерок од 98 ученици. Прашалникот се однесува на наставниот процес, односно наставата и учењето. Во прилог е анализата на резултатите од истражувањето.<br><br>На констатацијата:<br>1. „Наставниците користат разновидни форми и методи кои се соодветни на твоите потреби и стил на учење“, е добиен следниот резултат: од вкупно 98 ученици кои одговориле на анкетата, 47 ученика,(односно 48%) од нив, одговориле со ЧЕСТО, 27 ученици (односно 27,6%), одговориле со РЕТКО и 24 ученици,(односно 24.5%), одговориле со НИКОГАШ.<br><br>На констатацијата:<br>2. „Наставниците ги реализираат наставните содржини со примена на информатичка технологија“, е добиен следниот резултат: од вкупно 100 ученици кои одговориле на анкетата, 53 ученика (односно 53%) од нив одговориле со ЧЕСТО, 22 ученици,(односно 22%), одговориле со РЕТКО и 25 ученици,(односно 25%), одговориле со НИКОГАШ. |

| | |
|---|---|
| | На констатацијата:<br>3. ,,При реализацијата на новите наставни содржини наставниците ве поттикнуваат да ги користите веќе стекнатите знаења'' е добиен следниот резултат: од вкупно 94 ученици кои одговориле на анкетата, 62 од нив одговориле со ЧЕСТО,(односно 67%), 27 ученика одговориле со РЕТКО,(односно 29%), и 3 ученика одговориле со НИКОГАШ,(односно 3%).<br><br>На констатацијата:<br>4. ,,Наставниците задаваат домашни работи кои се поврзани со активностите и наученото за време на часовите'' е добиен следниот резултат: од вкупно 100 ученици кои одговориле на анкетата, 78 од нив одговориле со ДА,(односно 78%), а 15 ученика одговориле со НЕ,(односно 15%).<br><br>На констатацијата:<br>5. ,,Наставниците преку интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи) поттикнуваат соработка помеѓу вас учениците'' е добиен следниот резултат: од вкупно 100 ученици кои одговориле на анкетата, 79 од нив одговориле со ДА,(односно 79%), а 13 ученика одговориле со НЕ,(односно 13%).<br><br>На констатацијата:<br>6. ,,Наставниците се однесуваат со вас на начин кој промовира взаемно почитување, помош , соработка и разбирање'' е добиен следниот резултат: од вкупно 100 ученици кои одговориле на анкетата, 59 од нив одговориле со СЕКОГАШ,(односно 59%), 31 ученика одговориле со ПОНЕКОГАШ,(односно 31%), а 3 ученика одговориле со НИКОГАШ,(односно 3%).<br><br>На констатацијата:<br>7. ,,Наставниците користат различни материјали (учебници, збирки, видеа, интернет) за да те мотивираат да учиш " е добиен следниот резултат: од вкупно 94 ученици кои одговориле на анкетата, 73 од нив одговориле со ДА,(односно 79%), а 19 ученика одговориле со НЕ,(односно 21%).<br><br>На констатацијата:<br>8. ,,Најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат " е добиен следниот резултат: од вкупно 100 ученици кои одговориле на анкетата, 83 од нив одговориле со ДА,(односно 83%), 10 ученика одговориле со НЕ,(односно 10%), а еден ученик не го одговорил прашањето во анкетата.<br><br>На констатацијата:<br>9. ,,Во училиштето постои демократија и учениците учествуваат во донесувањето на одлуки" е добиен следниот резултат: од вкупно 45 ученици кои одговориле на анкетата, 28 од нив одговориле со ДА,(односно 62.2%), а 5 ученика одговориле со НЕ,(односно 11.1%) додека 12 ученика одговориле незнам (односно 26.7%). |

| | |
|---|---|
| | На констатацијата:<br>10. ,,Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето“ е добиен следниот резултат: од вкупно 94 ученици кои одговориле на анкетата, 26 од нив одговориле со ДА, ЧЕСТО (односно 28%), ДА, ПОНЕКОГАШ одговориле 46 ученика (односно 50%) и НЕ, НИКОГАШ одговориле 20 ученика,(односно 22%).<br><br>На констатацијата:<br>11. ,,Наставниците ти помагаат кога имаш потешкотии при совладување на материјалот и те охрабруваат да посетуваш дополнителна настава“ е добиен следниот резултат: од вкупно 94 ученици кои одговориле на анкетата, 80 од нив одговориле со ДА,(односно 86%), а 13 ученика одговориле со НЕ,(односно 14%).<br><br>На констатацијата:<br>12. ,,Наставниците ги поттикнуваат талентираните ученици да користат дополнителна литература, да посетуваат додатна настава и да учествуваат на регионални и државни натпревари“ е добиен следниот резултат: од вкупно 94 ученици кои одговориле на анкетата, 31 од нив одговориле со ДА, СЕКОГАШ (односно 34%), САМО ОДРЕДЕНИ НАСТАВНИЦИ, одговориле 56 ученика (односно 61%), а 5 ученика одговориле со НЕ НИКОГАШ,(односно 5%).<br><br>На констатацијата:<br>13. ,,Знаењата стекнати во текот на часот ми овозможуваат да одговорам на барањата на наставниците(домашни работи, усни одговори, писмени работи, истажувања и проекти), да посетуваат додатна настава и да учествуваат на регионални и државни натпревари“ е добиен следниот резултат: од вкупно 94 ученици кои одговориле на анкетата, 79 од нив одговориле со ДА,(односно 86%), а 13 ученика одговориле со НЕ,(односно 14%).<br><br>На констатацијата:<br>14. Во делот за оценувањето од страна на наставниците и инструментите што ги користат при истото, со констатацијата дека наставниците оценувањето го вршат транспарентно, од 94 испитаника се согласиле 57 ученика, дека наставниците користат инструменти за оценување се согласиле 12 ученика, дека наставниците спроведуваат самооценување се согласиле 13 ученика, а дека наставникот дава повратна информација се согласиле 8 ученика.<br><br>На констатацијата:<br>15. ,,При оценувањето наставниците ти посочуваат како да ја подобриш твојата работа и успех“ е добиен следниот резултат: од вкупно 94 ученици кои одговориле на анкетата, 47 од нив одговориле со СЕКОГАШ,(односно 51%), 38 ученика одговориле со ПОНЕКОГАШ,(односно 41%), а 8 ученика одговориле со НИКОГАШ,(односно 9%).<br>На констатацијата:<br>16. ,,Наставниците ги користат повратните информации од учениците за подобрување на наставата“ е добиен следниот резултат: од вкупно 94 ученици кои одговориле на анкетата, 26 од нив одговориле со СЕКОГАШ,(односно 29%), 24 ученика одговориле со ЧЕСТО,(односно 26%), а 31 ученика одговориле со ПОНЕКОГАШ,(односно 34%)и 10 ученика одговориле со НИКОГАШ,(односно 11% ). |

**3.4. Задоволување на потребите на учениците;**

**3.4.1. Идентификување на образовните потреби на учениците;**

**3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците во наставата**

| Извори | Информации кои се собрани |
|---|---|
| -наставни програми ;<br><br>-листи од изборни предмети;<br><br>-листи од проектни активности;<br><br>-програми за дополнителна настава;<br><br>-програми за додатна настава;<br><br>-Дневник (часови за одржана дополнителна и додатна настава , подготвителни часови и консултации за државна матура;<br><br>-наставни програми;<br><br>-листи од изборни предмети;<br><br>-листи од проектни активности;<br><br>-програми за дополнителна настава;<br><br>-програми за додатна настава | **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br><br>Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците , како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности :<br><br>• реализација на целите предвидени во наставните програми (начинот на кој учениците го совладуваат материјалот, стилови на учење на учениците, потешкотии при совладувањето на материјалот, посебен интерес за материјалот кој се изучува);<br><br>• реализација на анкети и прашалници со понудени листи од изборни предмети и проектни активности<br><br>**Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br><br>Наставниците во процесот на поучување користат различни методи и техники со цел да им се даде можност на учениците со различни стилови на учење да го постигнат својот максимум.<br><br>• реализација на дополнителна настава за учениците со потешкотии при усвојувањето на материјалот или со направени пропусти;<br>• толерантен однос кон ученици со потешкотии во комуникацијата;<br>• реализација на додатна настава за надарени ученици;<br>• мотивирање и охрабрување на учениците за учество на натпревари;<br><br>• реализација на подготвителна настава и консултации за државна матура; |

| | |
|---|---|
| | • можност за посета на конкретни фирми за практична настава на учениците од стручното образование;<br>• реализација на анкети и прашалници со понудени листи од изборни предмети и проектни активности;<br>• професионална ориентација и организирани посети на факултети. |

АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА РОДИТЕЛИ

| Извори | Информации кои се собрани |
|---|---|
| -Анкетни листови за родители | Спроведен е анкетен прашалник врз репрезентативен примерок од 45 родител. Прашалникот се однесува на наставниот процес, односно наставата и учењето. Во прилог е анализата на резултатите од истражувањето.<br><br>На прашањето:<br>1. „Дали наставниците користат разновидни методи и техники на работа?“<br>е добиен следниот резултат: 26 родители одговориле со ДА, 4 родители одговориле со НЕ и 15 родители одговориле со НЕМАМ ДОВОЛНО ИНФОРМАЦИЈА.<br><br>2. Со констатацијата: „Наставниците ги поттикнуваат учениците при усвојувањето на новите наставни содржини да ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет или други предмети“, се согласиле 35 од вкупно 44 анкетирани родители или 79.5%, не се согласиле 2 родитела или 4%, со немам доволно информација, одговориле 7 испитаници или 15,9%. |
| -Анкетни листови за родители | 3. Од 45 родител кои го одговориле прашањето, 31 или 68.9 % одговориле дека учениците добиваат домашни задачи поврзани со активностите од часот, 7 или 15.6% одговориле НЕ ЗНАМ , а НЕ одговориле 7%, или 15.6% од анкетираните родители. |
| -Анкетни листови за ученици | 4. Прашани дали учениците се охрабруваат самостојно да размислуваат и да донесуваат заклучоци од страна на наставниците, родителите, одговориле на следниот начин: СЕКОГАШ 14 родители или 38%, ПОНЕКОГАШ 18 или 56%, РЕТКО 8 родитела или 6%. |

| | |
|---|---|
| | 5. Со констатацијата „Наставниците го поттикнуваат Вашето дете да биде самостојна, зрела и одговорна личност " се согласиле 46 родители или 94%, не се согласиле 3 родитела или 6% и не одговориле на прашањето 3 од анкетираните 51 родител.<br><br>6. Од 45 родители кои одговориле на прашањето дали нивното дете е вклучено во разни проекти во и надвор од училиштето, 35 или 77.8% од родителите се изјасниле со ДА, 6 или 32% одговориле со НЕ и 4 или 8.4% со НЕ ЗНАМ.<br><br>7. Со констатацијата: „Училиштето навремено ги открива сите пречки и презема активности за нивно отстранување" се согласиле 25 или 54%, не се согласиле 3 родитела или 6%, со не знам одговориле 17 испитаници или 40%.<br><br>8. Прашани дали наставниците им помагаат на децата кои имаат потешкотии со учењето, родителите одговориле на следниот начин: со ДА одговориле 29 родители или 81%, НЕ одговориле 16 родители или 19%.<br><br>9. Дека „Секој ученик во училиштето има еднаков пристап од страна на наставниците", се согласуваат 23 родители или 53%, делумно се согласуваат 21 или 47%. Еден родител нема дадено одговор на прашањето во анкетата.<br><br>10. Во однос на прашањето дали наставниците ги мотивираат учениците за учество во натпревари, 20 од испитаници одговориле со ДА, 2 родители одговориле со НЕ, НИКОГАШ и со ПОНЕКОГАШ одговориле 13 испитаници.<br><br>11. Прашани дали наставниците користат разни методи и инструменти за проверка на знаењата на учениците, родителите одговориле на следниот начин:<br>❖ Со ДА одговориле 40 родител односно 92%;<br>❖ Со НЕ одговориле 5 или 8%.<br>12. Дека наставниците им даваат повратна информација на учениците за нивните постигнувања се согласиле 31 или 80%. Со НЕ одговориле 0 родитела и со НЕ ЗНАМ одговориле 10 или 20% од родителите кои учествувале во анкетата.<br><br>13. На констатацијата „Класниот раководител редовно Ве информира со евидентен лист и одржување на родителски средби за постигнувањето на вашето дете", позитивно одговориле 44 родители или 98%, а не се согласуваат со констатацијата 1 родител односно 2%. |

| | |
|---|---|
| | 14. За да се информираат за постигањата на своите деца СЕКОГАШ го користат е-дневникот 30 родители односно 67% , ЧЕСТО е-дневникот го користат 8 родители или 18%, РЕТКО го користат е-дневникот 7 испитаници или 14% и НИКОГАШ 1 испитаник или 2%.<br><br>*Забелешка:сите 45 родител немат дадено одговоор на сите прашања.* |

**3.5. Оценувањето како дел од наставата**

**3.5.1. Училишна политика за оценување**

**3.5.2 . Методи и форми на оценување**

**3.5.3 . Користење на информациите од оценувањето во наставата**

**3.6. Известување за напредокот на учениците**

| **Извори** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| Распоред на приемни денови за сите наставници;<br><br>Увид во педагошка евиденција и документација;<br><br>Евиденција на наставниците за остварени средби со родители;<br><br>Записници од родителски средби;<br><br>Записници од состаноци на родителите претставници на родителските одбори;<br><br>Електронски дневник;<br><br>Увид во педагошката евиденција и документација | **Известување на родителите за напредокот на учениците**<br><br>• Училиштето има утврден однос за известување на родителите за напредокот на учениците и тоа:<br>• конкретна повратна иформација за оценката на ученикот;<br>• препораки за подобрување на постигањата и успехот на ученикот;<br>• препораки за посетување на дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот;<br>• распоред со приемни денови за сите наставници во училиштето;<br>• редовни родителски средби;<br>• известување на родителите за успехот и поведението на нивното дете со евидентни листови;<br>• пристап до електронски дневник;<br>• педагошка служба која е подготвена во секој момент за соработка како со родителите, така и со учениците;<br>• Наставниците се секогаш достапни за разговор со родителот во своите приемни денови;<br>• Родителите се изјасниле дека наставниците се секогаш достапни за разговор за време на своите приемни денови;<br>• Класниот раководител редовно ги информира родителите со евидентен лист за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет ,вклучувајќи информации и за личниот и социјалниот развој на детето;<br>• Наставниците даваат конкретна повратна информација |

| | |
|---|---|
| | на родителите за постигнувањата на ученикот, начинот и критериумите на оценување како и препораки како детето да го постигне својот максимум. |

| Извори | Информации кои се собрани |
|---|---|
| Записници од наставнички совет ;<br><br>Записници од состаноците на стручните активи (усогласување на критериумите на оценување);<br><br>-Критериуми и стандарди за оценување дефинирани на веб страната на БРО;<br><br>Увид во педагошката евиденција и документација, дневници;<br><br>Увид на тестовите и писмените работи од страна на Директор и педагошка служба | **Училишна политика за оценување**<br>• Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на училиштето;<br>• Наставниците ги информираат учениците за начинот на работа и критериумите за оценување на почетокот од учебната година;<br>• Оценувањето е континуирано, јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех;<br>• Наставниците се стремат кон усогласување на критериумите за оценувањето на квантумот знаења на учениците почитувајќи ги критериумите и стандардите за оценување на веб страната на БРО. |
| Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците<br><br>Е -дневник<br><br>-Статистики за постигнатиот успех и поведение на прво тримесечје, крајот од првото полугодие, второ тримесечје и на крајот од учебната година;<br><br>-Резултати од Државната матура | **Методи и форми на оценување**<br>Наставниците користат различни форми и методи за оценување со цел учениците да го постигнат својот максимум :<br>• усни одговори, наставни ливчиња, листи за аналитичко оценување и самооценување , чек листи;<br>• стандардизирани тестови и писмени работи(со повеќе тежински нивоа), домашни работи, изработка на проекти, активност и ангажираност во текот на часот.<br>**Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br>• Евалуација и подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата;<br>• Дефинирање на идни активности што ќе ги применуваат при реализација на наставата;<br>• Разгледување на приодите на оценување на квантумот знаења на учениците. |

| Јаки страни | Слаби страни |
| --- | --- |
| ❖ Комплетни планирања на наставниците со сите елементи за успешна реализација на наставата;<br><br>❖ Наставниците ги поттикнуваат учениците при усвојувањето на новите наставни содржини да ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет или други предмети;<br><br>❖ Планирањата навремено се доставуваат на увид во Педагошката служба на почетокот на учебната година.<br><br>❖ Учениците целосно се запознати со содржините кои ќе ги изучуваат и планирањата на наставниците за тековната учебна година по секој предмет;<br><br>❖ Резултатите од оценувањето влијаат на определување на следните чекори во учењето;<br><br>❖ Размена на искуства и идеи во врска со планирањето во рамките на соодветните активи и пошироко;<br><br>❖ Училиштето има интерна процедура (инструмент) под име „Следење и вреднување на наставната работа на СОУ „Коле Нехтенин“ и „Записници од извршена посета на час“ преку кои педагошката служба го следи и вреднува наставниот процес и наставниот час на наставникот;<br><br>❖ Методите кои наставниците ги користат се добро испланирани за работа со учениците индивидуално, во парови, во групи или со цела паралелка;<br><br>❖ Се користат најразлични методи од страна на сите наставници;<br><br>❖ Во најголем дел наставниците во Годишното и тематско планирање има и Програма за користење на ИКТ во наставата, според која се планирани 30% од часовите да се реализираат со употреба на ИКТ;<br>❖ Наставниците се обучени за примена на ИКТ и нови образовни технологии преку | ❖ Наставниците само понекогаш ги користат повратните информации од учениците за подобрување на наставата;<br><br>❖ Голем дел од наставниците не изработуваат програма за деца со пособени потреби;<br><br>❖ Само одредени наставници ги поттикнуваат талентираните ученици да користат дополнителна литература, да посетуваат додатна настава и да учествуваат во регионални и државни натпревари;<br><br>❖ Наставниците користат фронтална, индивидуална и групна форма на работа, но малку е застапена работата во парови (ученички тандеми) за време на наставата;<br><br>❖ Учениците често се жалат на преоптеретеност со голем број на часови и преобемни наставни програми и планови;<br><br>❖ Наставниците понекогаш ги охрабруваат учениците самостојно да размислуваат и да донесуваат заклучоци;<br><br>❖ Потребно е  вклучување на учениците во донесување на одлуки во училиштето;<br><br>❖ Интензивирање на изработка на Програма за талентирани деца и работа со нив;<br>❖ Учениците .да бидат во поголем обем вклучени во проекти во и надвор од училиштето;<br>❖ Наставниците не се праќаат често на обуки за дигитални алатки и интерактивни методи за работа при услови за настава од далечина; |

| | |
|---|---|
| посета на обуки и предавања.<br><br>❖ На почетокот на учебната година наставниците изготвуваат Програма за талентирани ученици и истата ја применуваат при детектирање на такви ученици;<br><br>❖ Наставниците на почетокот на учебната година изготвуваат Програми за дополнителна и додатна настава;<br><br>❖ Секој ученик работи и напредува со сопствено темпо во зависност од личните можности и потреби;<br><br>❖ Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците како и на возраста и нивото на образование на учениците;<br><br>❖ Наставници при изборот на задачи и активности за учениците внимаваат тие да бидат со различно тежинско ниво и да бидат приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците;<br><br>❖ Кај најголем дел од наставниците на часовите владее динамична и пријатна работна атмосфера;<br><br>❖ Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. При тоа наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава неограничувајќи се само на учебниците кои ги добиваат учениците од училиштето;<br><br>❖ Често се користат и информации од Интернет, до кои учениците доаѓаат преку истражување и истите ги средуваат во финален производ — проект, кој потоа го презентираат пред соучениците. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците; | |

| | |
|---|---|
| ❖ Во комуникацијата со учениците и реализацијата на наставниот процес наставниците не користат никакви полови, етички, социјални и религиски разлики;<br><br>❖ Постои взаемно почитување на релација наставникот – ученик;<br><br>❖ Пофалбата е често мотивационо средство кое го користат наставниците за да ги мотивираат учениците за учење и постигање поголеми резултати;<br><br>❖ Учениците се мотивираат за учење, натпреварувања и постигања со читање на соопштенија во сите класови за успесите на учениците кои ги имаат на различни натпревари, конкурси, дебати, манифестации и сл.;<br><br>❖ Поголем број од наставниците на учениците им даваат повратна информација(ги пофалуваат) за добро сработената задача и постигањата на било кое поле;<br><br>❖ Наставниот час е следен преку редовна посета од страна на педагошката служба и Директорот на училиштето. При тоа наставникот е известуван за согледувањата кои се направени за текот на часот и добива известување со насоки за подобрување на наставниот процес;<br><br>❖ Педагошката служба води професионално досие за наставниците и стручните соработници со кое се следи напредокот на секој наставник, неговото учество на семинари, воннаставни активности, изработка на труд, десиминација, учество на натпревари и добиени награди и признанија;<br><br>❖ Постои практика на соработка и Размена на искуства од наставниот процес помеѓу колеги од ист актив и пошироко во целиот колектив.<br><br>❖ Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните | |

| | |
|---|---|
| потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик;<br><br>❖ Тие користат разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик;<br><br>❖ За образовните потреби и проблеми, учениците дискутираат и на ниво на ученичка заедница;<br><br>❖ За проблемите во врска со учењето, секој ученик може да се обрати и до педагошката служба и да разговора за истите, како и за начинот на нивно решавање;<br><br>❖ Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, индивидуални разговори за разни теми како и разговори за проблеми од лична природа;<br><br>❖ За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите;<br><br>❖ Образовните потреби на учениците се задоволуваат и преку слободен избор на изборни предмети;<br><br>❖ Секој ученик има можност да ги истакне своите афинитети со учество во слободните ученички активности;<br><br>❖ Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците;<br><br>❖ Учениците и родителите редовно се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување, како и за секоја добиена оценка на индивидуалните средби со родителите;<br><br>❖ Наставниците користат различни методи и | |

| | |
|---|---|
| форми на оценување;<br><br>❖ Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања;<br><br>❖ Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата;<br><br>❖ Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење;<br><br>❖ Наставниците постојано ги поттикнуваат и охрабруваат учениците да истражуваат, изработуваат трудови и да учествуваат во проекти. Трудовите на учениците се транспарентни и се изложуваат во холот од училиштето, како и во самите училници;<br><br>❖ Учениците можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми;<br><br>❖ Училиштето е отворено за соработка, учествува и организира натпреварувања, соработува со локалната заедница, невладини организации, бизнис сектор и др.;<br><br>❖ Учениците се дружат и остваруваат соработка со други училишта на натпревари, дебати и трибини како и во активности од социјален карактер како што се еко акции организирани од Еко клубот, Младинската организација, Дебатен клуб и сл.;<br><br>❖ Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува;<br><br>❖ Известувањата за постигнатиот напредок од учењето учениците ги примаат секојдневно во текот на самиот наставен | |

| | |
|---|---|
| процес, а родителите преку формални и неформални средби со наставниците, класните раководители и педагошката служба;<br><br>❖ Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците во писмена форма преку евидентни листови и преку одржување на онлајн родителски средби;<br><br>❖ Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците во усна и електронска форма. Училиштето води евиденција за сите состаноци со родителите. Секој наставник има задолжителен приемен час на кој се остваруваат лични(индивидуални) средби меѓу наставниците и родителите;<br><br>❖ Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, кои се нередовни во посетата на наставата или покажуваат несоодветно однесување, по пријава на класниот раководител, одржува и педагогот при што врши советодавна работа според програма за советување на родители, утврдена од МОН. | |

**П Р И О Р И Т Е Т И**

- ❖ Поголемо охрабрување на учениците самостојно да размислуваат и да донесуваат заклучоци од страна на наставниците;
- ❖ Зголемување на бројот на наставниците кои ги поттикнуваат талентираните ученици да користат дополнителна литература и да уествуваат во натпревари (државни и регионални);
- ❖ Да се поттикнат наставниците почесто да ги користат повратните информации од учениците за подобрување на наставата;
- ❖ Да се вложува во професионалниот развој на наставникот и нивно вклучување во обуки за изработка на програма за деца со посебни потреби (ако во конкретната учебна година има вакви ученици).

# 4.Подрачје на вреднување:Поддршка на учениците

Ниво на самоевалвација:**Многу добро**

**4.1. Севкупна грижа за учениците;**

**4.2. Здравје;**

**4.3. Советодавна помош на учениците;**

**4.4. Следење на напредокот**

**Податоците кои се анализирани се добиени преку спроведување на електронски анкетни прашалници со помош на алатката Microsoft Forms. Беше спроведен анкетен прашалник за учениците од сите класови од прва до четврта година. Добиените резултати се детално анализирани и образложени во ова подрачје на вреднување.**

| Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|
| **4.1 Севкупна грижа за учениците** | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди;<br>• Превенција од насилство;<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога;<br>• Квалитет на достапна храна;<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот;<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2 Здравје** | • Хигиена и заштита од болести и спречување на ширење на болести;<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| **4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | • Давање помош при избор на занимање, институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување, како и воведување на феријална пракса, со цел стекнување работна навика;<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии и грижа за менталното здравје |

| | |
|---|---|
| **4.4 Следење нанапредокот** | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците;<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

**4.1 Севкупна грижа за учениците**

| Извори | Информации кои се собрани |
|---|---|
| Годишна програма на училиштето;<br><br>Годишен извештај на училиштето;<br><br>Годишна програма за работа на стручните соработници (педагог, дефектолог) и директорот;<br><br>Записници од Наставнички совет;<br><br>Записници од Совет на родители;<br><br>Записник од родителски средби;<br><br>Правилник за изрекување на педагошки мерки;<br><br>Кодекс на однесување на наставниците и учениците;<br><br>Правилници за заштита на личните податоци ;<br><br>Дневник на паралелката;<br><br>Програма од Образование за | **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди.**<br><br>Нашето училиште е безбедна и стимулативна средина која дава поддршка на индивидуалниот развој на учениците, почитување и целосна поддршка на младата личност, грижа за психичкото и физичкото здравје на учениците. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава.Училишниот инвентар, скалите во училиштето и дворот не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците и вработените. Заменети се старите и дотраени прозорци со нови ПВЦ-прозорци, со што е решен долгогодишен училиштен проблем и се подобрени условите за настава. Училишните тоалети за учениците, ученичките и наставниците се целосно реновирани. Поставено е ЛЕД-осветлување во целото училиште, со што се постигнува и подобрување на осветленоста во училниците. Струјните места се соодветно обезбедени. При изведување практичната настава учениците задолжително користат заштитна опрема (облека, ракавици и очила), што е законска обврска која доследно се почитува. Заради подобрување на дисциплината, а со тоа и на безбедностана учениците, училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и учениците кон кој сите се придржуваат. Тој е истакнат во секоја училница каде што може секој да го прочита. Сите ученици се осигурани од незгоди на почетокот на учебната година.<br><br>Училиштето има изготвени: Правилник за заштита и спасување од елементарни непогоди, план за евакуација и спроведува и подготвува превентивни мерки за заштита и |

| | |
|---|---|
| животни вештини;<br><br>Увид во просториите на училиштето и училишниот двор;<br><br>Правилник за заштита и спасување од елементарни непогоди,<br>План за евакуација;<br>Пописни листи;<br>Списоци на ученици кои добиваат условен паричен надоместок,<br>Списоци на ученици кои користат бесплатен превоз до училиштето;<br>Уплатници од хуманитарни акции;<br>Уплатници и фактури за извршени набавки, работи и услуги;<br><br>Соработка со Министерство за образование и наука и Министерство за труд и социјална работа;<br>Предавања од класни раководители;<br><br>Соработка со Универзитетот „Гоце Делчев” Штип;<br><br>Едукативни предавања на одредени теми од страна на стручни соработници; | спасување. Обележани се хидрантните бази, редовно се сервисирани и проверени ПП апаратите и хидрантна мрежа.<br><br>Постои и обучен тим за пружење прва помош при евентуални повреди.<br><br>Едно од основните начела на нашето училиште се активностите за унапредување на безбедноста и чувството на сигурност на учениците во училиштето, менталното и физичкото здравје на учениците, како и континуирано следење на нивните физички, емоционални и социјални потреби, независно од половата и етничката припадност.<br><br>Од собраните податоци и спроведената анкета кај учениците од сите класови, можеме да заклучиме дека безбедноста во училиштето задоволува.<br><br>Извршена е анкета во која учениците анонимно одговараа на прашањата, а беа одбрани по случаен избор.<br><br>Беа анкетирани вкупно *205 ученика*(од кои 130 машки и 75 женски, на возраст од 14 до 18 години) од прва до четврта година од кои се добија следните резултати:<br><br>На прашањето:<br>• „Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно.“, одговориле:<br><br><br><br>На прашањето:<br>• „Во училиштето брзо и ефикасно реагираат ако ненадејно се случи некој настан/ситуација која ја |

<table>
<tr>
<td>Анкетен лист за ученици;</td>
<td>

загрозува нашата сигурност и безбедност во училиштето“, одговориле:




На прашањето

- „Доколку се случи нешто што ме прави да се чувствувам небезбедно, знам на која личност во училиштето можам да ѝ се обратам“, одговориле:




На прашањето:

„Училиштето се грижи за сите ученици, без разлика на телесни пречки тие можат активно да учествуваат во наставата и училишните активности“, одговориле:




</td>
</tr>
</table>

На прашањето:

- „Во училиштето се организираат предавања за превенција од пушење, алкохол и дрога“,одговориле:




На прашањето:

- “Училиштето има разбирање за учениците кои се соочуваат со потешки животни услови и настојува да им помогне” одговориле:




Извршена е анкета во која **родителите** на учениците анонимно одговараа на прашањата.

Беа анкетирани вкупно 184 родители на ученици од прва до четврта година и се добија следните резултати:

На прашањето:

- „Сметам дека моето дете е сигурно и безбедно во училиштето“, одговориле:




На прашањето:

- „
- Училиштето брзо и ефикасно реагира на настанатите проблеми поврзани со сигурноста и безбедноста на учениците во училиштето“ одговориле:




На прашањето:

- „Имам добра соработка со класниот раководител и стручната служба во училиштето за здравствените, емоционалните и социјалните потреби/проблеми на своето дете“, одговориле:




На прашањето:

- „Со своето дете отворено разговарам за појавите на кражби, пушењето, консумирањето алкохол, земање дрога, различни видови насилства и вознемирување во училиштето“, одговориле:




На прашањето:

- „Со своето дете отворено разговарам за личните проблеми со кои се соочува и сум негова/ нејзина најголема поддршка“, одговориле:




Извршена е анкета во која **наставниците** анонимно одговараа на прашањата, во врска поддршката на учениците во и/ или надвор од училиштето.

Беа анкетирани вкупно 51 наставник, од кои 14 од Електротехнички актив, 11 од Машински актив, 10 од Природно-математички актив и 16 од Општо-образовен актив, а се добија следните резултати:

На прашањето:

- „Колку време работите во Училиштето?“, одговориле:




На прашањето:

- „Секогаш сум спремен да го сослушам ученикот/ родителот“, одговориле:




На прашањето:

- „Добро сум едуциран/а и информиран/а за емоционалните, телесните, здравствените и социјалните проблеми на учениците“, одговориле:




На прашањето:

- „ Во училиштето редовно се анализира сигурноста и безбедноста на учениците и континуирано се работи на спречување на недоличното однесување, агресивноста и нетолеранцијата“, одговориле:




На прашањето:

- „Во училиштето постијат Програми и активности – како што се: Кампања против конфликти, насилство и агресивност, вандализам, дрога, алкохол, пушење, Кампања за заштита на животната средина, за заштита на човекови права, итн“, одговориле:




На заклучокот:

- „Посветен/а сум на работата и се грижам за добробитието на учениците во училиштето.“, од 1(не се согласувам) до 5 (се согласувам), наставниците го дале следниот одоговор:



| | |
|---|---|
| | **Превенција од насилство**<br><br>Превенцијата од насилство во училиштето претставува збир на мерки и активности кои ги реализираме со училишна политика за намалување на насилството. Таа има за цел креирање и создавање позитивна атмосфера за соработка и конструктивна комуникација без насилство. Програмата и активноста на превенцијата и училишната политика овозможуваат:<br><br>• навремено детектирање на потенцијалното насилство;<br>• подготовка за адекватно реагирање во случај на насилство;<br>• сеопфатна ресоцијализација на учесниците во насилството.<br><br>Во училиштето се работи на создавање на клима во која квалитетот на воспитно-образовниот процес и односите меѓу учесниците ќе се сметаат за најдобра превентивна мерка. За да се оствари тоа потребно е континуирано усовршување на сите вработени. Стекнување знаења и развивање вештини за конструктивно реагирање во случај на насилство и за навремено воочување на однесувањата на ученици кои укажуваат на присуство на насилно однесување. За успешност во превенцијата од насилство и навремено интервенирање во училиштето се работи организирано преку:<br><br>Наставниот план и програмада содржат активности кои ќе ја третираат оваапроблематика и низ кои се преплетува поучувањето за социо-емоционални и вештини наоднесување, како што се развојот на вештини на емпатија, соработка и мирно разврешување конфликти, критичко размислување, вештини на ненасилна комуникација, самосвест, контрола на чувствата, почитување на другите и на околината.Во таа насока е и специјално креираната програма за: Образование за животни вештини која се реализира на класните |

| | |
|---|---|
| | часови.Оваа програма претставува поддршка во превенцијата на насилството во училиштето, преку развивање на самодоверба, позитивна слика за себе, идентификување и справување со емоциите, развивање на комуникациските вештини, прифаќање и почитување на разликите.Училиштето во соработка со институциите од локалната заедница секоја година спроведува предавања, трибини и работилници за заштита на учениците од насилство, борба против трговија со луѓе, врсничко насилство, препознај, превенирај и примени мерки против насилство, разрешување на конфликти, работилници за развивање на емоционалната интелегенција и креативно мислење и др. Напоредно со овие програми ќе се даде акцент и на воспитната компонета во редовната настава преку интегирање на содржини кои го подржуваат развојот на вештини за учење.<br><br>Ваквите планско организирани активности придонесуваат за создавање на безбедна училишна средина, во која владее позитивна клима на почитување и грижа за емоционалната добросостојба на сите, еднакви можности за учење и стимулирање на индивидуалниот раст.<br><br>Со вклученоста во Проектот за меѓуетничка интеграција се спроведува и стратегијата за интегрирано образование која придонесува кон поголема меѓуетничка интеграција и намалување на стереотипите и предрасудите како извор на конфликти и насилство.<br><br>**Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br><br>Училиштето спроведува политика за заштита од пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанцикоја подразбира дека во училиштето (училниците, канцеларијата, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат |

| | |
|---|---|
| | наркотични супстанци. Училиштето има соработка со МВР и Центар за социјални грижи. Со реализацијата на воспитната компонента на класниот час и преку работилници организирани од стручни лица од локалните институции, како што се Црвен крст, одделот за превенции и невладини организации учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци.<br><br>Во холовите, канцелариите и работните простории на училиштето има истакнато знаци за забрането пушење и доследно се почитува од сите ученици и вработени.<br><br>**Квалитет на достапна храна**<br><br>Во училиштето нема продавница за храна, но во холот се поставени три автомати од кои учениците можат да се снабдат со кондиторски производи, сокови, како и со кафе и топли пијалоци. Во околината на училиштето постојат сендвичари од каде може да се купи храна. Во училиштето наставниците апелираат за здрава исхрана.<br><br>**Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br><br>Училиштето има формирано Инклузивен тим. Од страна на Инклузивниот тим, наставниците, стручната служба и учениците безрезервно им се дава помош на учениците со пречки во развојот во сите моменти кога е потребно. Инклузивниот тим во соработка со наставниците и класните раководители првично врши идентификација на учениците со емоционална попреченост и други проблеми и ги следи, им помага и учествува во совладувањето на наставниот материјал и нивниот развој. За да им се помогне на овие ученици, инклузивниот тим и наставниците имаат индивидуален пристап на работа.<br><br>Во училиштето постојат три пристапни рампи за лица со физички инвалидитет, со што училиштето е достапно и за нив. |

| | |
|---|---|
| | Просторот во ходниците и во училниците овозможува нивно самостојно движење, само на приземјето и во дворот.<br><br>**Грижа за учениците од социјално загрозени семејства**<br><br>Програма за грижа за учениците од социјално загрозени семејства има и редовно се спроведуваат собирни, хуманитарни акции за материјални добра, донации на учебници и прибор. Подмладокот на Црвениот крст работи според Програма за работа.<br>Емоционалните и социјалните проблеми на учениците (на пример: семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, конфликти, нередовност на ученикот, намален успех, незаинтересираност за наставата, итн) се навремено откриваат и решаваат преку пропишани процедури, преку соработки со родителите, педагошката служба, класниот раководител, здравствените установи, центрите за социјална работа, полицијата, интернатот за средношколци итн. На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува внимателно, да не се повреди нивната личност. Овие ученици најголема поддршка добиваат преку разговорите со класните раководители и педагогот на училиштето, кои им влеваат самодоверба и им даваат морална поддршка. Педагошката служба, како и класните раководители користат материјали (видео записи) за превенција трговија со луѓе (филм ,,Ти си жива''), како и материјали обезбедени од полицијата за спречување на употребата на алкохол и дрога. |

## 4.2 Здравје

| Извори на податоци | Информации кои се собрани |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>Закон за средно образование;<br><br>Извештај од воспитно образовната работа на училиштето<br><br>Програма за работа на класен час;<br><br>Увид во училишниот простор,<br><br>Статут на училиштето,<br><br>Увид во Педагошка | **Хигиена и заштита од болести**<br><br>Современото живеење ги наметнува предизвиците за заштита од голем број на болести со кои денешницата се соочува. Секојдневните навики кај учениците се важен елемент за заштита и превенција од заразни болести. Редовна хигиена на училишните простории и хигенатa кај учениците се неопходни за зачувување и одржување на здравјето. За таа цел, во училиштето се прават редовни систематски прегледи на учениците и на наставниците. Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Дезинфекција на тоалетите, ученички и наставнички се прави по повеќе пати во текот на денот. Ходниците, скалите, подот во училиштето и останатиот училишен простор се чистат неколкупати во текот на денот. Другите простории (наставничка канцеларија, канцеларија на директор, педагог и сите останати простории) метење и чистење по двапати во текот на денот. Комплетно чистење на просториите прозорци, врати, завеси, мебел двапати во секое полугодие. Отстранување на отпадот се прави два пати во текот на денот и тоа на меѓусмена и навечер. Дворот во училиштето е чист од отпадоци, тревните површини редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја учлница и ходниците има корпи за отпадоци, а наставниот кадар се грижи учениците редовно да го фрлаат отпадокот во нив. Училиштето издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција и лична хигиена. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштита од заразни болести. Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците, а исто така се вршат и ситематски прегледи на вработените. Се организираат предавања од страна на стручни лица од областа на школска медицина и други лица од медицинските установи за заштита од заразни болести. Училиштето води грижа за учениците кои поради посериозни повреди или хронично заболување отсуствуваат од редовната настава |

<table>
<tr>
<td>евиденција,<br>Систематски прегледи,<br><br>Анкетен лист за ученици;</td>
<td>применувајќи ги позитивните законски прописи.<br><br>Грижа за учениците со здравствени проблеми<br><br>Класниот раководител или предметниот наставник редовно испраќа покани до родителите и телефонски јавувања, како и редовни родителски средби со цел запознавање на родителите за успехот и поведението на ученикот.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Извршена е анкета во која учениците анонимно одговараа на прашањата, а беа одбрани по случаен избор.<br><br>Беа анкетирани вкупно 206 ученици од прва до четврта година, од кои 130 машки и 76 женски, и се добија следните резултати:<br><br>На прашањата:<br>● „Во училиштето се одржува високо ниво на хигиена.“. учениците го дале следниот одговор:<br>
<br>● „Училиштето покажува грижа и поддршка за учениците кои имаат здравствени проблеми“, анкетираните ученици одговориле:<br>
<br>● „Тоалетите во училиштето се чисти и дезинфицирани во текот на целиот ден.“,</td>
</tr>
</table>

учениците го одговориле следното:




- „Училиштето нѐ едуцира како правилно да се грижиме за личната хигиена и хигиената на просторот околу нас.“, учениците ги дале следните одговори:




- „Потребно е училиштето да има јасна програма за превенција и заштита од заразни болести.“, учениците го одговориле следното:



| Слаби страни | Јаки страни |
| --- | --- |
| • Застаренит е клупи.<br>• Одржувањ е на хигиената | • Покрај задолжителното формално образование, неформалното усовршување кај учениците се истакнува како јака страна;<br>• Редовно чистење на училишниот двор;<br>• Организирање на натпревари, училишно настани, спортски активности кои придонесуваат за здравјето на учениците. |

| ПРИОРИТЕТИ |
| --- |

- Зголемување на хигиената и подигнување на свеста за здравјето кај учениците.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

| Извори | Информации кои се собрани |
| --- | --- |
| Педагошка евиденција (анкети, анализи, извештаи, записници);<br><br>Наставна програма по македонски и англиски јазик;<br><br>Наставни програми по стручни предмети (електро,машинска и угостителска – | **Давање помош при избор на занимање / институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br><br>Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали на образовните институции за професионална ориентација, соработува со Заводот за вработување, со фирми кои организаат феријална пракса за учениците, а и според наставната програма учениците извршуваат практична настава и во училиштето. Учениците присуствуваат на презентации од високообразовни институции на крајот на учебната година (делење на брошури, анкети, промотивни материјали)<br><br>Учениците ја спроведуваат анкетата на педагошката служба<br><br>• Дали по завршување на средното образование размислувате да го продолжите своето образование на некоја од |

| | |
|---|---|
| туристичка струка);<br><br>Годишна програма за работа на класен раководител;<br><br>Извештај од Кариерен Центар за спроведени обуки за кариерно насочување;<br><br>Податоци од Младиската организација ФЕМУ [2] за спроведување на подготовка за интервју за работа (МАССУМ);<br><br>Анкетен лист за ученици | високообразовните институции во Р.Македонија?<br>Педагошката служба прави анализа на спроведените анкети:<br><br>Во текот на реализација на наставата по македонски јазик, англиски јазик, на обуките во Кариерниот центар, на учениците им се пружа помош при пишување на кратка биографија (CV) и мотивационо писмо, како и подготовка за интервју за работа (МАССУМ Олимпијада). На класните часови, класните раководители ги поттикнуваат учениците да размислуваат за своето идно школување или професија. На родителските средби во разговор со родителите се дискутира на темата идно образование/професија на своите деца.<br><br>**Грижа за учениците со емоционални потешкотии**<br><br>За состојбата со учениците со евентуални емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот и поведението, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата и сл., покрај класните раководители и стручната служба работи тимски за отстранување на евентуалните проблеми на учениците. Со овие ученици се работи индивидуално или во група, а по потреба се вклучуваат и родителите<br><br>Извршена е анкета во која учениците анонимно одговараа на прашањата, а беа одбрани по случаен избор.<br><br>Беа анкетирани вкупно 76 ученици од прва до четврта година и се добија следните резултати:<br>На прашањето:<br>• „Училиштето нуди можности за усовршување преку слободни активности, обуки, натпревари и практична работа.“, учениците го одговориле следното:<br> |

На прашањето:

- „Од наставниците добивам насоки и поддршка во врска со моето идно образование или вработување.“ учениците одговориле:




На прашањето:

- „Заедно со наставниците имаме можност да посетуваме работни организации и високообразовни институции.“, учениците одговориле:




- На заклучокот: „Јас сум личност со грижа и емпатија, кој/а се грижи за чувствата на моите соклсници и тие се чувствуваат убаво во моето опкружување.“, со изјаснување колку се согласуваат од 1 до 10, учениците добиле просечен одговор со оценка 6,8:



### 4.4 Следење на напредокот

| Извори | Информации кои се собрани |
|---|---|
| Дневник на паралелката;<br>Евидентни листови;<br>Решенија за изречени педагошки мерки;<br>Записници од педагогот;<br>Извештаи од совет на паралелките,<br>Записници од Совет на паралелка;<br>Записници од Наставнички совет;<br>Записници од родителските средби;<br>Преведници;<br>Правилник за изрекување на педагошки мерки и наградување на учениците;<br>Извештаи за освоени места на натпревари;<br>Свидетелства;<br>Анкетни листови;<br>Извештај од извршената анкета;<br>Статистички податоци за учениците; Главна книга; | **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br><br>Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), за напредокот, редовноста и поведението на учениците како и за нивниот развој. Родителите, редовно, најмалку четирипати годишно, се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби. За напредокот на учениците се дискутира и на Наставничкиот совет, кој по потреба предлага и презема мерки за подобрување на поведението на учениците. За учениците кои имаат негативни оценки по три или повеќе предмети, раководителите на паралелките ги поканувaат родителите кои имаат законска обврска да дојдат на советување. Советувањето на родителите го врши педагогот врз основа на Законот за средно образование и Програмата за советување на родители.<br><br>Во евидентирањето на успехот на учениците како и на нивниот напредок, редовност и поведение учествуваат сите субјекти кои се вклучени во образовниот процес во училиштето. Првичната слика за учениците ја имаат класните раководители и училишните педагози, кои понатаму тековно го следат секое нивно одење напред во стекнувањето на нови знаења. Нивниот правилен напредок доведува до изградување на сестрано образовани личности.<br><br>**Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br><br>Класните раководители на крајот на секое тримесечје |

| | |
|---|---|
| | поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целиот клас и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети. |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| • Во училиштето се води целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците;<br>• Локалната самоуправа врши увид на објектите околу училиштето за храна и редовни контроли за исхраната;<br>• Училиштето има пропишани процедуриза грижа на ученици со телесни пречки во развојот;<br>• Во училиштето има дефектолог којдава соодветна поддршка и го следи напредокот на учениците со посебни образовни потреби;<br>• Севкупната грижа за сите учениципоеднакво без разлика на нивната полова и етничка припадност, социјална и материјална положба;<br>• Грижа за здравјето на учениците прекуафирмирање на здрави стилови на живеење во училиштето, средината и семејството;<br>• За заштита од елементарни непогодиво училиштето се изработува | • Училиштето има потреба за прилагодување на условите за ученици со телесен инвалидитет. |

| | |
|---|---|
| „План за заштита и спасување од елементарни непогоди". Во истите се елаборирани сите заштитни активности кои се преземаат превентивно со цел да се намалат последиците од истите. За оваа цел годишно во училиштето се изведува симулација на одредена елементарна непогода со активно учество на сите ученици и вработени, а истите се организирани во соработка со ППЗ, ПМ и МВР.<br>● Континуирано следење на напредокотна учениците;<br>● Во училиштето постојат механизми занавремено спречување на конфликти и справување со секаква форма на насилно однесување;<br>● Училиштето соработува со институцииод локалната средина и надворешни стручни лица (МВР, Центар за социјална работа, Завод за вработување, Црвен крст, Медицински центар. УЈП итн);<br>● Постојат разработени механизми зазадоволување на емоционалните, физичките и психичките потреби на учениците<br>● Училиштето низ проекти, на класенчас, со организирани предавања води грижа за спречување на пушењето, конзумирањето алкохол и дистрибуција на наркотици; | |

| | |
|---|---|
| ● Училиштето обезбедува информацииза понатамошното образование на училиштето, спроведува анализа за тоа колку ученици планираат да го продолжат образованието и во која насока;<br>● Постои соработка со родителите научениците на релација, родител - класен раководител, родител - педагог, родител - наставник, родител – директор;Спроведување на програмата заживотни вештини;<br>● Училиштето соработува соУниверзитетот „Гоце Делчев” Штип;<br>● Училиштето организира хуманитарниакции спроведени од ученици; | |

## П Р И О Р И Т Е Т И

Соработката помеѓу наставниот кадар, педагогот, раководниот орган, родителите и другите субјекти инволвирани во образовниот процес, им овозможува голема и безрезервна поддршка на учениците во извршувањето на нивните задачи во текот на образовниот процес.

❖ Продолжување и подобрување на грижата и поддршката на учениците со потешкотии во успехот и задоволување на нивните емоционални, психички и физички потреби.

❖ Вклучување на учениците во меѓународната соработка со други училишта од регионот и Европа, кои се сродни на нашето училиште, преку програмата Еразмус+. На тој начин им се помага на учениците да ги прошират своите хоризонти и да научат за работата и процесот на странските средни-стручни училишта.

# 5. Подрачје на вреднување : Училишна клима

Ниво на самоевалвација:**Многу добро**

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**5.1. Училишна клима;**

**5.2. Промовирање на постигањата;**

**5.3. Еднаквост и правичност;**

**5.4 Партнерски однос со родителите  со локалната и деловната заедница**

| Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|
| **5.1 Училишна клима и односи во училиштето** | • Углед/имиџ на училиштето;<br>• Кодекс на однесување;<br>• Училишна клима;<br>• Поведение и дисциплина во училиштето;<br>• Учество на учениците во решавањето на проблеми и донесување на одлуки |
| **5.2Промовирања на постигањата** | • Промовирање на личните постигања на учениците;<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| **5.3 Еднаквост и правичност** | • Познавање на правата на децата;<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици;<br>• Прифаќање и промовирање намултикултурализмот |
| **5.4Партнерски однос со родителите и  локалната и деловна зедница** | • Соработка на училиштето со родителите;<br>• Соработка  со локалната заедница;<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

| Извори | Информации кои се собрани |
| --- | --- |
| Годишна програма на училиштето;<br><br>Годишен извештај на училиштето;<br><br>Кодекс на однесување на учениците во училиштето;<br><br>Анкета со наставници и ученици<br><br>Дневниците на паралелките;<br><br>ФБ страна на училиштето;<br><br>Веб страна на училиштето;<br><br>Локални медиуми;<br><br>Правилник за однесување на наставниците и стручните соработници;<br><br>Правилник за изрекување на педагошки мерки на учениците;<br><br>Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br><br>Записници;<br><br>Записници од Совет на | **Углед/имиџ на училиштето**<br><br>-Училиштето во локалната средина, а и пошироко е препознатливо по високиот квалитет во работењето, по постигањата на учениците во најразлични области кон кои е насочен нивниот интерес, како и по напорите за остварување на мисијата и визијата на училиштето. Мисијата на нашето училиште гласи: „Нудиме стручен и квалитетен кадар, примерни ученици, работна средина со грижа и поддршка каде секој може да ја развие и зајакне својата индивидуалност, креативност, одговорност и задоволство од работата". Вработените во училиштето одлично ги познаваат мисијата и визијата и постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, како еден од основните услови за добра и позитивна атмосфера во училиштето, која се пренесува на учениците, родителите и останатите посетители.<br><br>**Училишна клима**<br><br>-Наставниот процес е организиран според сите педагошки стандарди и закони. Наставниците преку користење на позитивни приоди и современи методи, активно учење, пофалби, индивидуален пристап и други методи се стремат кон зголемување на мотивацијата на учениците. Сето тоа максимално им помага на учениците во развојот на нивната личност.<br><br>-Учениците со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат на различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер. Училиштето секогаш води сметка за промовирање на личните постигања на учениците. |

| | |
|---|---|
| родители,<br><br>Записници од стручни активи;<br><br>Дневник за советодавна работа со ученици на стручните соработници;<br><br>Годишна програма за работа на ученичките заедници;<br><br>Записниците од состаноците и извештаи на ученичките организации;<br><br>(Ученичка заедница, Кариерен центар);<br><br>Спроведени анкети,<br><br>Педагошка евиденција за награди и учество на семинари на наставници и ученици | **Поведение и дисциплина во училиштето**<br><br>-Според евиденцијата на стручните служби може да се забележи дека во училиштето нема проблеми со одржување на редот и дисциплината, како резултат на одличната соработка меѓу: училиштето, учениците и родителите.<br><br>-Училиштето има изработено правилник за изрекување на педагошки мерки кој соодветно се применува и се води политика на навремено справување со евентуално несоодветно однесување на учениците и затоа не се забележува тренд на исклучување на ученици од училиштето. За учениците со несоодветно однесување по било која основа, одделенскиот раководител и Одделенскиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки според Правилникот за педагошки мерки од законот за основно образование.<br><br>-Во однос на надарените ученици, дел од наставниците посетуваа семинар за талентирани ученици и умеат да ги препознаат и да им помогнат во напредување на нивниот талент, а тоа се реализира во соработка со стручната служба.<br><br>-За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба.Работната атмосфера е присутна за време на наставата и вонннаставните активности.<br><br>**Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки**<br><br>-Од записниците и извештаите на училишната заедница се гледа дека таа работи според однапред утврдена програма, како резултат на што учениците се редовно и навремено информирани и вклучени во активности кои се од нивен интерес. Тие имаат можност и самите да партиципираат во решавањето на некои проблеми и во донесувањето одлуки. |

**Резултати од спроведената анкета за наставници**

-За целите на самоевалуацијата е спроведена анкета на наставниците, со која беа опфатени 43наставници, од различни активи од училиштето.

-На тврдењето: ,,Постои добра комуникација помеѓу Директорот и вработените’’, со ,,ДА’’ одговориле 64.3% наставници, со ,,НЕ’’ нема одговорено и ,,ДЕЛУМНО’’ одговориле 35.7%




-На тврдењето: ,,Директорот се залага за квалитетен кадар со множност за усовршување, примерни ученици, работна средина со грижа и поддршка каде секој може да ја зајакне и развие својата индивидуалност, креативност, одговорност и задоволство од работа’’,со ,,ДА’’ одговориле 58.1% наставници, со ,,НЕ’’ 4.7% и ,,ДЕЛУМНО’’ одговориле 37.2% наставници.




-На тврдењето: ,,Стручниот соработник дава целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско планирање и оперативен час’’,со ,,ДА’’ одговориле 60.5%

наставници, со ,,НЕ’’ одговориле 11.6% наставници и ,,ДЕЛУМНО’’ одговориле 27.9% наставници.




-На тврдењето:,,Постои соработка помеѓу наставници од иста или различна група на предмети’’, со ,,ДА’’ одговориле 58.1% наставници, со ,,НЕ’’ 4.7%, ,,ДЕЛУМНО’’ одговориле 37.2% наставници.




-На тврдењето:,,Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка како еден од условите за добра и позитивна атмосфера во училиштето’’, со ,,ДА’’ одговориле 58.1% наставници, со ,,НЕ’’ 4.7%, ,,ДЕЛУМНО’’ одговориле 37.2% наставници.




-На тврдењето:,,Наставниците преку користење на современи методи, активно учење, пофалби, индивидуален пристап се стремат кон зголемување на мотивација на учениците'', со ,,ДА'' одговориле 64.3% наставници, со ,,НЕ'' нема одговорено и со ,,ДЕЛУМНО'' одговориле 35.7% наставници.




-Училиштето води грижа за професионалниот развој на воспитно -образовниот кадар кој работи на остварување на мисијата и постигнувањето на целите на визијата. **Визијата и мисијата** се

| | |
|---|---|
| | дефинирани во **Годишната програма** за воспитно – образовната работа на училиштето.<br><br>-Во склоп на Годишната програма за работа на училиштето има Програма за грижа на здравјето, на родовата сензитивност, почитување на мултикултурализмот и насочување на учениците да ги почитуваат разликите помеѓу себе, по различна основа.<br><br>-Големо внимание се посветува на негување на родовата и мултикултурната различност, на меѓуетничката интеграција во образованието, како и грижа за учениците со посебни потреби и нивна инклузија во воспитно-образовниот процес. Посебен акцент е ставен на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, а тоа се прави преку организирање на редовни систематски и стоматолошки прегледи на учениците, вакцинација, трибини и предавања од областа на здравствената заштита.<br><br>-Училиштето ја негува родовата сензитивност и во него постои еднаков и правилен третман на учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло. Сите ученици се чувствуваат прифатени во училиштето.Со таква политика на заемно почитување и помагање се создава една пријатна работна училишна клима.<br><br>-Училиштето ја поддржува инклузивноста со поддршка на надарените ученици и учениците кои имаат потешкотии во учењето преку диференцијација на наставата и преку одржување на часови за додатна и дополнителна настава.<br><br>-Со учениците кои имаат потешкотии во учењето работи и дефектологот во училиштето.<br><br>-Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените што се гледа од увидот во **записниците на Наставничките совети и записниците од работата на** |

| | |
|---|---|
| | **стручните активи.** |

**Резултати од спроведената анкета за ученици:**

-За целите на самоевалуацијата е спроведена анкета за учениците, со која беа опфатени 96 ученици, соразлични струки од училиштето.

-На тврдењето:,,Постои соработка помеѓу наставниците и учениците'', со ,,ДА'' одговориле 66.7% ученици, со ,,НЕ'' 7.3%, ,,ДЕЛУМНО'' 26% ученици.



### 5.2 Промовирање на постигањата на учениците

| Извори | Информации кои се собрани |
|---|---|
| Правилник за награди и пофалби;<br><br>Локалните телевизии<br><br>(ТВ Стар, М- НЕТ);<br><br>Педагошка евиденција и документација;<br><br>Социјалните мрежи;<br><br>FB и WEB страната на училиштето;<br><br>Анкетен прашалник за ученици; | -Училиштето става акцент на бројни активности за да ги промовира постигнувањата на учениците. Средината за учење е успешно организирана и се поставуваат јасни и високи очекувања во однос на образовните постигања на учениците.<br><br>-Наставниците ги мотивираат учениците, ги поттикнуваат даучествуваат на натпревари и ја согледуваат суштината на пофалувањето како техника за поттикнување на учениците.<br><br>-Секоја учебна година се избира ученик на годината и се доделуваат пофалници и благодарници за секоеучество на учениците и за добивање на награди на патрониот ден на училиштето. |

### 5.3 Еднаквост и правичност

| Извори | Информации кои се собрани |
|---|---|
| Програма за имплементација на конвенција за правата на децата.<br><br>***Пишани документи:***<br><br>Анкетен прашалник за учениците;<br><br>Анкетен прашалник за | **5.3.1 Познавање правата на децата**<br><br>-Правата на децата во нашето училиште ги знаат и почитуваат наставниците, стручната служба и сите вработени.<br><br>-За своите права и обврски учениците се информираат на одделенските часови, преку разни трибини и предавања, како и на редовните состаноци на Детската организација и Училишната заедница. Во овие активности се вклучени сите |

| | |
|---|---|
| наставниците;<br><br>Анкетен прашалник за родителите;<br><br>Кодекс за однесување на учениците;<br><br>Кодекс за однесување на наставниците;<br><br>Документација на педагошката служба(записници на советот на паралелките и наставнички совети,годишни и полугодишни извештаи);<br><br>Правилник за педагошки мерки;<br><br>Записници од стручни активи;<br><br>Дневник за воннастани активности; | ученици без разлика на пол, етничка припадност и деца со посебни образовни потреби.<br><br>-Училиштето претставува установа и средина во која може да се започне со изградување на свеста за правата на децата и создавање услови за нивно секојдневно практикување.<br><br>-Нашето училиште го промовира и го поддржува концептот на правата на децата преку разни активности,како што се разни трибини за правата на децата организирани преку Кариерниот центар и Ученичката зедница, како и работилниците од Животни вештини што се спроведуваат од страна на класните раководители на часовите на паралелката. Исто така, учениците со своите права и обврски во училиштето се запознаени преку кодексот на однесување на учениците и Кодексот на однесување на наставниците .<br><br>-Колку успева нашето училиште во запознавањето на учениците со нивните права најдобро можеме да дознаеме од податоците добиени од спроведеното истражување што ни овозможи да се запознаеме со состојбите во сферата на познавањето и почитувањето на правата на децата, од самите нив, од наставниците и сите вработени во училиштето.Од анализираните податоци добиени се следните согледувања:<br><br>• Учениците ги знаат своите права, инсистираат нанивнопочитување од страна на сите субјекти во училиштето, ги практикуваат своите знаења од Конвенцијата за правата на децата и во голем дел од нив се обидуваат да се однесуваат согласно позитивните норми на однесување во училиштето кон своите другари и кон другите ученици со сите нивни разлики;<br>• Анализата на анкетниот прашалник на прашањето: ,, Училиштето води грижа за обезбедување еднаквост на |

сите ученици, како и правичен однос, независно од пол, етничка припадност, религија и социјално потекло'', покажува дека 65.6% од анкетираните ученици одговориле со ,,ДА'', 19.8% ученици одговориле со ,,НЕ'' и 19.8% ученици одговориле ,,ДЕЛУМНО''.




- Училиштето досега иако има доста посветено време на промовирањата на правата на децата , директно со учениците како и индиректно со родителите преку заеднички средби,сепак, нема конкретно организирано работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата туку тоа се прави преку организираните родителски средби и советодавната работа за родители.

- Од испитаните ученици на прашањето: ,,Учениците знаат каде да се обратат доколку им е прекршено некое право'',со ,,ДА'' оговориле 71.6% ученици, со ,,НЕ'' одговориле 13.7% ученици и ,,ДЕЛУМНО'' одговориле 13.7% ученици.




**5.3.2 Еднаков и правичен третман на сите ученици.**

-Училиштето води грижа за обезбедување еднаквост на сите ученици, како и правичнен однос кон сите покажуваат резултатите од прашалникот за ученици каде со,,ДА'' одговориле 65.6 %, со ,,НЕ'' 14.6% и со ,,ДЕЛУМНО'' одговориле 19.8% од учениците.




-Во нашето училиште еднакво се почитуваат сите ученици без разлика на социјални, етнички, полови и интелектуални разлики. Во сите активности стручните служби редовно

| | |
|---|---|
| | даваат поддршка и помош на наставниот кадар и учениците.<br><br>-Училиштето настојува учениците кои покажуваат посебен интерес и способности по одделни наставни предмети, да имаат праведен пристап до можноста да учествуваат на организираните општински,регионални и државни натпревари како и во останатите проекти на училиштето.<br><br>-Поради тоа, училиштето промовира еднаквост на полова и национална припадност на учениците во поглед на нивниот развој и напредок, во поглед на вклученоста во наставниот процес, во активностите во различни секции, во воннаставните активности , во земањето учество на културно-уметнички активности во училиштето и надвор од него.<br><br>-Показател за еднаквоста на учениците може да се види од нивниот одговор во прашалникот за ученици, каде на прашањето:,,Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков пристап, взаемана почит и поддршка'', со ,,ДА'' одговориле 54.2%, со ,,НЕ'' одговориле 7.3% од испитаните ученици и ,,ДЕЛУМНО'' 38.5% ученици.<br><br><br> |

| | |
|---|---|
| | -Од дневникот на стручната служба се гледа дека преку посетите на часовите од страна на стручната служба и директорот на училиштето тие редовно го следат односот на наставниците кон сите ученици и се грижат тој да биде правичен и еднаков кон сите ученици.<br><br>**5.3.3 Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**<br><br>• Училиштето ја вреднува и промовира етничката, културната, верската и јазична разновидност во училиштето и заедницата.Во нашето училиште, во најголем број, се застапени ученици од македонска националност додека помал е бројот на ученици од останатите националности.Нашето училиште продолжува со активности во проектот ,,Мултиетничка интеграција“ и е добитник на грантови од по 30000 денари од МОН, кои се користат за заеднички активности со партнер училиштето од Куманово.<br><br>-Преку самостојни мултикултурни активности од општ карактер, во текот на редовната настава и работилниците, училиштето успева позитивно да ги промовира етничката, културната, верската и јазичната разноликост во заедницата. Постојано се води грижа за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници. Преку истражување на различните обичаи и изложување на трудовите на учениците се промовира разбирање и прифаќање на различноста меѓу народите. Соработката со партнер училиштета продолжува и преку соработка помеѓу тимовите со заедничко создавање на акционен план за спроведување на МИО активности. Тимот кој е задолжен за спроведување на проектот за меѓуетничка интеграција учествува на сите активности поврзани со оваа |

проблематика. Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните религии како и отфрлање на сите можни предрасуди кон оние што се „различни“ од нас. Во нашето училиште е поставена добра основа по однос спроведувањето на мултукултурата, а за тоа потврдуваат и анкетираните ученици од кои на прашањето дали во училиштето се негува мултикултурализмот со ,,ДА’’ одговориле 64.2% од учениците, со ,,НЕ’’ одговориле 18.9% ученици и ,,ДЕЛУМНО’’ 18.9%.




ученици.

-Тој факт јасно кажува дека училиштето и наставниците имаат позитивен однос кон промовирањето на мултикултурните вредности, а тоа е добра основа за натамошна имплемнтација на содржини во наставниот и вонанаставните активности кои ќе го збогатат мултикултуризмот во училиштето.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

| Извори | Информации кои се собрани |
|---|---|
| Извештај за работа на училиштето (прво тримесечје, полугодишен, второ тримесечје и годишен);<br><br>Записници од Совет на родители и родителски средби;<br><br>Статут на училиштето;<br><br>Педагошка евиденција и документација;<br><br>Записници и одлуки од состаноци на Училишниот одбор;<br><br>Договори со деловна заедница; | -Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето. Имено, училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето.<br>-Родителите се вклучуваат во тековните настани на училиштето преку родителските средби, вклучување на членови во Советот на родители, индивидуални средби со родителите, членување во училишен одбор со што се запознаваат со проблемите на училиштето, членување во одредени проекти и предавања на одредени теми. Соработката со родителите е неминовен сегмент од сите подрачја на училишното комуницирање.<br>-Програмата за советување на родители се реализира во училиштето во согласност со препораките на МОН. Програмата има позитивна страна каде што им помага на родителите за поуспешно справување со разни видови училишни потешкотии и училишни предизвици.<br>-Покрај индивидуалните и групните родителски средби каде родителите имаат можност да добијат информации за своето дете, се информираат и преку електронскиот дневник кој им дава можност на родителите да се здобијат со сите информации за ученикот. При тоа им се даваат информации за: успехот во наставата, поведението на ученикот, изречена педагошка мерка или пофалба.<br>Училиштето соработува со следните институции од Локалната средина:<br>• Одделение за образование (сите информации од локалната заедница и пошироко до училиштето пристигаатод ова одделение); |

| | |
|---|---|
| | • Центар за јавно здравје;<br>• УЈП;<br>• Биро за развој на образованието;<br>• Црвен крст (организира хуманитарни и крводарителски акции);<br>• Н.У.Библиотека „Гоце Делчев“ Штип;<br>• Младински образовен форум (организира дебатен клуб);<br>• Клуб на млади;<br>• Американско катче;<br>Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница. |

| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| ❖ уредно водење на педагошка евиденција;<br><br>❖ постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности.Заинтересираноста на учениците за учество во воннаставните активности е на завидно ниво;<br><br>❖ соработката на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница како надворешни фактори овозможува подобрување на училишната клима и напредок во работата на училиштето. | ❖ поведението и дисциплината е добра, но и покрај преземените мерки од страна на педагошката служба кај дел од учениците не може да се подобрат истите во целост;<br><br>❖ ангажираноста на учениците во воннаставните активности и промовирањето на постигањата на училиштето понекогаш е проследено со изостанување од редовната настава;<br><br>❖ недоволна соработка со родителите со цел нивно запознавање со правата на децата;<br><br>❖ комуникацијата родител- ученик- компанија би требало да е на едно повисоко ниво со што ќе им овозможи на учениците полесно извршување на феријалната пракса и |

| | |
|---|---|
| | учење на работа кај работодавач. |

## П Р И О Р И Т Е ТИ

- Целосно промовирање на постигањата на учениците на WEB страната на училиштето, заради поттикнување на останатите ученици за постигање на подобри резултати и афирмација на училиштето;
- Учество на информативни емисии на локалните медиуми на наградените ученици за промовирање на училиштето;
- Соработка со родителите и компаниите за целосно и успешно реализирање на феријална пракса и учење преку работа кај работодавач.

**6.РЕСУРСИ**

Ниво на самоевалвација:**Многу добро**

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**6.1.Сместување и просторни капацитети**

**6.2.Наставни средства и материјали**

**6.3.Обезбедување на потребниот наставен кадар**

**6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

**6.5. Финансиско работење во училиштето**

| бр. | Индикатори за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 6.1 | Сместување и просторни Капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| 6.2 | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| 6.3 | Обезбедување на потребниотнаставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефикасност и распоредување на кадарот<br>• Стручна служба како поддршка на наставниот Кадар |
| 6.4 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален развој на наставниците |
| 6.5 | Финансиско работење во училиштето | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето научилишниот буџет |

### 6.1. Сместување и просторни капацитети

- Просторни услови, хигиена и одржување
- Искористеност на просторните капацитети

| Извори на податоци | Собрани информации |
| --- | --- |
| Годишна програма за работа;<br><br>Непосреден увид;<br><br>Распоред на часови;<br><br>Интервју со наставници, Директор;<br><br>Записници од просветна и санитарна инспекција;<br><br>Годишен извештај;<br><br>Распоред на часови; | Училиштето располага со солидни просторни услови за реализирање на наставата и вонаставни активности. Училиштето за овие две години значително ги зголеми своите капацитети и услови за квалитетно одвивање на наставата.<br><br>Овие реконструкции придонесоа и во финансиска смисла за пораст на вредноста на објектот.<br><br>Во просторни услови училиштето располага со 24 училници со кабинетска настава за изведување на теориска настава, како и кабинети и тоа: кабинет по автоматика, кабинет по електрични мерења, сметачки машини, физика и математика, техничко цртање и AUTO CAD, електроника, електрични машини, моторни возила,програмирање на CNC машини ,кабинет по готварство и кабинет по послужување, и простории за општообразовен актив и Машински актив. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот. Во внатрешниот корисен простор од 8.150 $м^2$ или 12 $м^2$ во просек по ученик. Постојат: 1 - спортска сала со две соблекувални (1 машка и 1 женска) со санитарни јазли; 1 - наставничка канцеларија, 1 - канцеларија за директор, 1 - канцеларија за секретар, 1 - просторија за благајник, 1 - просторија за заменик Директор, 1 - просторија за Кариерен центар, 1 - канцеларија за педагози, 1- просторија за дефектолог ,1 - просторија за помошен персонал, 3 - простории за санитарен материјал, 1 - просторија за помошен технички персонал, 1 - просторија за котлара, 2 -санитарни простории за санитарии за наставници (на приземје и на први кат), 5 - санитарни простории за ученици на приземје и на секој кат по еден), 3 - механички работилници за изведување на практична настава за ученици од машинската струка, 1 - лабораторија за автоматика и пневматика, 1 - кабинет за готварство и 1 -кабинет за послужување, 1 - кабинет за електрични мерења и 1 - кабинет за електрични инсталации и електромеханика. Училиштето располага и со неколку мали простории за чување и одлагање на нагледни средства и помагала за секој од кабинетите. |

| Извори на податоци | Собрани информации |
| --- | --- |
| Просторни услови на<br>на училиштето. | Училиштето има јасен план и распоред за максимална употреба на расположливите капацитети за изведување на наставата со што ги задоволува потребите на учениците и наставниот кадар. За квалитетно изведување на наставата, постоечките простории се користат оптимално од сите субјекти во наставниот процес. Во претходниот период извршено е промена на врати на дел од училниците, извршено е делумно реновирање на санитарната инфраструктура за учениците.). Училниците и кабинетите се јасно распоредени и има рационална искористеност на просторните капацитети при работењето.<br><br>**Кабинет за готварство и кабинет за послужување-**опремен е со професионални електрични шпорети (15 кW), росфрајтни мијалници за садови, работни маси, фрижидер, разладна комора, голем број на ситен инвентар (угостителски маси, столови, прибор за сервирање и послужување и сл.)<br>**Спортска сала** е комплетно реконструиранаи опремена со најсовремени спортски реквизити за одвивање на наставата по спорт и спортски активности, но и за воннаставни спортски активности.<br>**Машинска работилница** која е опремена со поголем број стругови, глодалки, дупчалки, апарати за електрично и гасно заварување и секако одделение за рачна обработка на метал во кое 12 работни места се комплетно опремени со целиот потребен алат и прибор (комплетна донација од ГТЗ).<br>**Работилница за рачна обработка и заварување** опремена со апарати за електрично и гасно заварување, и секако одделение за рачна обработка на метал во кое 12 работни места се опремени со целиот потребен алат и прибор (комплетна донација од ГТЗ).<br><br>**CNC кабинет** опремен со комјутери и едукативана CNC глодалка<br><br>**Лабораторија за автоматика и пнеуматика**која е опремена со најсовремена и софистицирана опрема за автоматско водење и програмирање на производни процеси. Вкупно 9 работни места се опремени со : ПЛЦ (програмибилен логички контролер); компјутер со инсталиран СИМЕНС софтвер за програмирање на ПЛЦ; голем број на разни безконтактни прекинувачи, релеи, асинхрони мотори, фреквентен конвертор, компресор со развод на компримиран воздух до секое работно место, и друг помошен прибор, што оваалабораторија ја прави една од ретките не само во Македонија, туку и пошироко.<br><br>Кабинет 1 по програмирање со 17 работни места,опремени со компјутери и софтвер за работа од обласа на комјутерската техника и |

| | |
|---|---|
| | автоматика<br><br>Кабинет 2 по програмирање со 17 работни места,опремени со компјутери и софтвер за работа од областа на комјутерската техника и автоматика |

| Извори на податоци | Собрани информации |
|---|---|
| Искористеност на просторниот капацитет<br><br>на училиштето. | Има канцеларија за наставници, за директор, за секретар, за сменоводители, за благајник, за стручна служба (педагози и дефектолог) ,како и за помошен и технички персонал,библиотека, како и просторија за Кариерен центар која ја користат учениците.<br><br>Капацитетите на просторните услови условуваат предметната настава да се изведува во две смени поделена спрема образовните струки, односно во една смена Машинската и Туристичко-угостителската струка,а во друга Електротехничка струка. Јасно се распределени училниците и кабинетите и има рационална искористеност во работењето. Но и покрај расположивите просторни капацитети и нивното обновување сепак за изведување на практичниот дел од наставата по стручните предмети не задоволува, и истата се одвива во несоодветни услови кои не одговараат на Нормативот за опрема на кабинетите по стручните предмети посебно по новот модуларно стручно образование. За таа цел потребно е обезбедување опрема и на други просторни услови за одвивање на практичниот дел од настава.<br><br>Изградена е летна училница и комплетно е уреден внатрешниот дел од дворот на училиштето.<br><br>Во училиштето хигиената во училниците и санитарните простории се одржува на задоволително ниво. |

| **ЈАКИ СТРАНИ** | **СЛАБИ СТРАНИ** |
| --- | --- |
| ❖ Училиштето располага со доволен број на училници, кабинети, работилници и останати простории, кои ги задоволуваат просторните стандарди по норматив.<br><br>❖ Училишната има релативно добро опремени кабинети со технички помагала,нагледни средства за несметано одвивање на наставниот процес.<br><br>❖ Во изминатиот период е извршена реконструкција на кровот ,замена на старите метални прозоци со ПВЦ прозори во училиштето со цел постигнување на поголема енергетска ефикасност.<br><br>❖ Целосна реконструкција на спортската сала<br><br>❖ Целосно варосување на внатрешниот дел и фасадата на училиштето<br><br>❖ Училиштето е под видео надзор<br><br>❖ За безбедноста во училиштето се грижи агенција за обезбедување | ❖ Просторните услови и опрема за одвивање на практичниот дел од наставата ги задоволуваат и исполнуваат стандардите.<br><br>. |

<table>
<tr><td colspan="2">Податоци собрани преку други методи: ( на пр. Прашалници, анкети, набљудувања, интервју, ......)</td></tr>
<tr><td>Користени методи за собирање на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td>Анкета бр.1.1<br><br>Опфатени 50 ученика од различни паралелки.</td><td><u>АНКЕТА БР.1.</u>1 -  Училишната зграда е во добра состојба.<br><br>
<table>
<tr><td></td><td></td><td>%</td></tr>
<tr><td>1</td><td>НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ</td><td>4%</td></tr>
<tr><td>2</td><td>ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ</td><td>22%</td></tr>
<tr><td>3</td><td>СЕ СОГЛАСУВАМ</td><td>68%</td></tr>
<tr><td>4</td><td>ПОТПОЛНО СЕ СОГЛАСУВАМ</td><td>6%</td></tr>
</table>
<br>Анализите покажаа дека од вкупно анкетирани 50 ученика, 3 ученика потполно се согласуваат, 30 се согласуваат, 11 делумно се согласуваат, а 2 ученика не се согласуваат.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Податоци собрани преку други методи: ( на пр. Прашалници, анкети, набљудувања, интервју, ......)</td></tr>
<tr><td>Користени методи за<br><br>собирање на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td>Анкета бр.2.1<br><br>Опфатени 25 наставници од различна возраст</td><td><u>АНКЕТА  БР.2</u>    2.1. -  Просторните услови, внатрешниот и надворешниот изглед на училиштето ги задоволува Вашите очекувања.
<table>
<tr><td></td><td></td><td>%</td></tr>
<tr><td>1</td><td>НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ</td><td>4%</td></tr>
<tr><td>2</td><td>ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ</td><td>8%</td></tr>
<tr><td>3</td><td>СЕ СОГЛАСУВАМ</td><td>80%</td></tr>
<tr><td>4</td><td>ПОТПОЛНО СЕ СОГЛАСУВАМ</td><td>8%</td></tr>
</table>
<br>Анализите покажуваат дека 2 ученика потполно се согласуваат, 20 се согласуваат, 2 ученика делумно се согласуваат , а еден ученик не се согласува.</td></tr>
</table>

Индикатори 6.2. **Наставни средства и материјали**

- Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала
- Училишна библиотека
- Потрошен материјал

| Извори на податоци | Собрани информации |
|---|---|
| • Увид во документација<br><br>на училиштето за набавена стручна<br><br>литература и наставни помагала;<br><br>• Пописни листи ;<br><br>• Увид во библиотечната евиденција и разговорсо одговорните лица;<br><br>• Разговор со учениците ианкетен лист;<br><br>• Разговор сонаставниците и со<br><br>техничкиот персонал: | Училиштето располага со одреден фонд на стручна литература и современи наставни средства и помагала за применување на современи наставни методи согласно нормативот по сите наставни предмети, кои ги задоволуваат потребите на наставниците и учениците. Сите училници се опремени со компјутери со Интернет конекција, која овозможува примена на современи методи во наставата. Училиштето располага и со современи технички средства, како принтери, скенери, LCD проектори,телевизори и сл., кои ги задоволуваат потребите на наставниците и учениците за успешно изведување на воспитно-образовниот процес и примената на современи методи на настава. Наставни средства и помагала во поголем дел ги задоволуваат потребите на наставниците и учениците за нормално и квалитетно одвивање на наставата. Училиштето поседува и неколку електронски табли со цел за осовременување на наставниот процес.<br><br>Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на ИКТ, а преку компјутерите во поедини училници наставниците и учениците имаат пристап до Интернет. |

| Извори на податоци | Собрани информации |
|---|---|
| • Анкетен лист за наставници;<br><br>• Анкетен лист заученици;<br><br>• Увид во документацијатаза планирани и набавени потрошниматеријали;<br><br>• Разговор со учениците и анкетен лист;<br><br>• Разговор со директор ианкетни листови; | Училишната библиотека располага со повеќе наслови на книги во вкупна бројка околу 11566 од кои 10234 се на македонски јазик, а околу 810 се на српски јазик и помал број на германски и 432 на англиски јазик. Од овој број приближно околу 2200 изданија се стручна литература по разни области.<br><br>Училишната библиотека располага со книжен фонд кој во најголем дел се лектири, стручна литература и белетристика, кој во изминатите години постојано се обновува и со рационална употреба главно ги задоволува потребите на учениците.Во библиотеката од МОН во учебната 2024/25 се добиени уште 159 учебници по 6 наставни предмети но нивната структура не задоволува бидејќи недостасуваат учебници по повеќе стручни предмети. За истите се води целосна евиденција на нивно користење и евентуална оштетеност од страна на учениците.<br><br>За работењето на училишната библиотека има одговорен наставник. Целокупниот книжен фонд е добро подреден, а за водење на евиденцијата во библиотеката училштето има ангажирирано наставник во двете смени и евиденцијата се води навремено и прописно. Библиотеката е опремена со компјутер со интернет конекција .<br><br>. |

| Извори на податоци | Собрани информации |
|---|---|
| | **6.2.3** Училиштето планира и обезбедува определена количина на потрошен материјал по потреба согласно со потребите според наставните планови и програми. Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал, но набавката не ги задоволува реалните потреби на училиштето. Исто така не задоволува и набавката на основни наставни средства и опрема за одвивање на наставните планови и програми по поединни наставни предмети, особено во одвивање на практичната настава.<br><br>Резултатите од спроведените анкети по точка наставни средства и материјали се прикажани во Анкетата под бр.1.2, бр.2.2, бр.1.3 бр.2.3 бр.1.4 и 2.4 . од кои се гледа дека училишната библиотека располага со доволен број на книги од стручната литература и дека е потребно зголемување на обемот на потрошен матерјал за одвивање на наставата. |

**РЕЗУЛТАТИ**

<table>
<tr><td colspan="2">Податоци собрани преку други методи: ( на пр. Прашалници, анкети, набљудувања, интервју, ......)</td></tr>
<tr><td>ЈАКИ СТРАНИ</td><td>• Библиотеката е со работно време<br>во двете смени и постојано е на располагање на учениците и наставниците. Наставникот одговорен за училишната библиотека е секогаш отворен за соработка,сугестии и совети во врска со книжниот фонд на библиотеката<br><br>• Училишната библиотека<br>располага со книжен фонд кој во најголем дел се лектири, стручна литература и белетристика, кој во изминатите години постојано се обновува и со рационална употреба главно ги задоволува потребите на учениците.<br><br>• Училиштето планира и делумно<br>обезбедува потрошен материјал во потребна количина за сите вработени согласно со наставните планови и програми.</td></tr>
<tr><td>СЛАБИ СТРАНИ</td><td>• Училиштето не располага со доволно стручна литература по наставните предмети ,што се потврдува и од резултатите на анкетите спроведени меѓу учениците и наставниците.<br>• Не постои е-база за компјутерско водење на библиотечната евиденција.<br>• Наставниот потрошен материјал делумно ги задоволува потребите за одвивање на наставата.</td></tr>
</table>

Податоци собрани преку други методи: ( на пр. Прашалници, анкети, набљудувања, интервју, ......)

| Користени методи за собирање на податоци | |
|---|---|
| Анкета 1.2<br><br>Опфатени 50 ученика од различни паралелки. | АНКЕТА БР1.2 . -Дали училишната библиотека располага со соодветна стручна литература? |

| | | % |
|---|---|---|
| 1 | НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ | 6% |
| 2 | ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ | 10% |
| 3 | СЕ СОГЛАСУВАМ | 58% |
| 4 | ПОТПОЛНО СЕ СОГЛАСУВАМ | 26% |

Анализите покажуваат дека од вкупно анкетираните 50 ученика од различни паралелки 13 ученика целосно се согласуваат, 29 ученика се согласуваат, 5 се согласуваат , а 3 ученика не се согласуваат.

| Податоци собрани преку други методи: ( на пр. Прашалници, анкети, набљудувања, интервју, ......) | |
|---|---|
| Користени методи за собирање на податоци | |
| Анкета 2.2 со наставници<br><br>Опфатени 25 наставници од различна возраст. | АНКЕТА БР2.2 . Дали училишната библиотека располага со соодветна стручна литература?<br><br>Анализите покажуваат дека од опфатените 25 наставника од различна возраст, потполно се согласуваат 17 наставника, 20 се согласуваат, 10 делумно се согласуваат, а 3 не се согласуваат. |

| | | % |
|---|---|---|
| 1 | НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ | 12% |
| 2 | ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ | 40% |
| 3 | СЕ СОГЛАСУВАМ | 44% |
